# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
» за сегашни и за идни пензионери

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk

SAVA TABAK NLB Тутунска банка

Година IV, број 35 24 јуни 2011 година


# Јуни - во знакот на зголемена динамика

Како и претходните месеци, така и јуни помина во знакот на значајни активности во извршувањето на задачите на Програмата на СЗПМ за 2011 година. Грижата за подобар живот и социјална сигурност на членството, за подобрување на стандардот и поттикнување на решавање на горливите проблеми во третото животно доба, за точно и навремено информирање и друго, како да станува секојдневна опсесија на дејствувањето на оваа најмасовна невладина, неполитичка и мултиетничка пензионерска асоцијација. Со право, соодветна нагласка се дава и на активностите за подобрување на квалитетот на животот на пензионерите, преку организирање спортски натпревари, ревии, екскурзии, средби во природа и слично.



При тоа, посебна динамика беше остварена со одржувањето на спортските пензионерски натпревари во осум региони, на кои најдобрите се квалификуваа за учество на 16–тите Републички пензионерски спортски натпревари закажани за 10 септември оваа година. Регионалните спортски игри и овој пат успешно ги организираше СЗПМ, а добри домаќини беа здруженијата на пензионерите од Гевгелија, „Солидарност – Аеродром", Куманово, „Тафталиџе" – Скопје, Демир Хисар, Штип, Македонска Каменица и Дебар. За нив поопширно на страна 6.





Во организација на СЗПМ во јуни се одржаа и три регионални ревии на песни, музика и игри, каде што како успешни домаќини се покажаа ЗП на Валандово (страна 8), ЗП на воените пензионери во Скопје (страна 16) и ЗП Крива Паланка (за која ќе читате во наредниот број), а на 3 и 4 септември домаќини на ревиите ќе бидат здруженијата на пензионерите во Кичево и Македонска Каменица.



Во овој период започнаа и интезивни подготовки за достоинствено одбележување на 65 годишнината на пензионерското организирање во Македонија. Меѓу другото, на 20 септември – Денот на пензионерите на Македонија се планира да се одржи свечена академија во Скопје, а со пригодни манифестации јубилејот ќе биде одбележан и во повеќе здруженија на пензионери во нашата земја. **К.С.А.**

## ВО ОВОЈ БРОЈ...


МНОГУ АКТИВНОСТИ МНОГУ ПРЕДИЗВИЦИ



стр. 2

ИНТЕРВЈУ СО БЕСНИК ПОЦЕСТА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА СЗПМ



стр. 4

ПИКНИК НА БРАТИМЕНИ ЗДРУЖЕНИЈА ВО МАВРОВО



стр. 5

ХРОНИКА стр. 7

ВОСХИТУВАЧКИ ПОЕТ МАТЕЈА МАТЕВСКИ



стр. 10

АКЦЕНТИ ОД ИНТЕРВЈУТО ЗА ТВ СОНЦЕ НА ДРАГИ АРГИРОВСКИ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СЗПМ



стр. 12

ЗДРАВСТВО стр. 13

ЗАБАВА стр. 15


**СЛЕДНИОТ БРОЈ НА ВЕСНИКОТ „ПЕНЗИОНЕР ПЛУС" ЌЕ ИЗЛЕЗЕ НА 19 АВГУСТ 2011 ГОДИНА**


*Попуст за пензионери до 15%*

TRAVEL AGENCY DALAS UNION

www.dalasunion.com.mk

02/3222-981
02/3238-530
071/236-241




SAVA TABAK
Акционерско друштво за осигурување

## Реализација на планираното

Во Здружението на пензионери од Битола, во континуитет, секој викенд се изведуваат патувања до познати, значајни културно–историски знаменитости во Македонија.

Чудно но вистинито. Од разговорите што се водени со корисниците на овие услуги, пензионерите иако во поодминати години, ќе се чуе дека некои од нив за прв пат се наоѓаат на овие познати дестинации. Оние пак, кои пред многу години ги посетиле, ги враќаат спомените на младоста и времето кога престојувале тука. Местата кои ги посетуваат пензионерите се манастирите Велјуса, Водоча, Бигорскиот и Лешочкиот манастир, како и Колешинските водопади, Смоларскиот водопат, Вевчанските извори и други.



– Вредно е да се спомене огромниот интерес на битолските пензионери за овие еднодневни патувања, а при тоа, особено се води сметка, учество да земат што поголем број пензионери. Така, ако од една месна заедница, била веќе одредена група пензионери, истите не можат да бидат на списокот во втората група. Со ова се остварува правична застапеност на сите категории пензионери, – истакнува претседателот на битолските пензионери **Томе Илиовски**.

Досега се остварени скоро половина патувања од предвидените, а останатите ќе се реализираат до крајот на годината.

**Добре Тодоровски**

## Повеќе активности на велешките пензионери

Последната недела од месец мај Здружението на пензионери од Велес организираше екскурзија во Крушево, каде посетија обележја поврзани со прерано починатиот Тоше Проески, неговото вечно почивалиште, Спомен куќата и манастирот Свето Преображение.

Со три автобуси, 160 пензионери се поклонија пред гробот на македонската музичка ѕвезда и музичка легенда, Тоше, а неговите лични предмети изложени во Спомен куќата – музеј им ги насолзија очите и секој за себе си коментираше: „Зарем можеше ова да му се случи на човекот во чие срце имаше љубов за сите луѓе од неговата мила Татковина, но и за сите што се надвор од неа по Балканот и светот?!

Во попладневните часови го посетија и доградениот манастир Свето Преображение, објект којшто вечно ќе ги потсетува посетителите и верниците на Тоше и неговото големо дело остварено за неговиот толку кус животен пат.

Активен е и Активот на жени–пензионерки при ЗП Велес, кој секоја прва среда во месецот организира предавања пред своето членство. Тие предавања се од различни области, едукативни и корисни, не само за жените, туку и за цела популација во Велес.

Првата среда од месецот јуни, професорот по филозофија и педагогија **Ангел Киров** одржа предавање на тема: „Волонтерството–душа на хуманото движење". Ова предавање го организираше Општинскиот Црвен



Крст на Велес во соработка со ЗП Велес, а слушатели, покрај жените, беа и голем број мажи.

Киров како еден од петнаесетте дисеминатори во Македонија, зборуваше за значењето на волонтерството, односно за хуманоста меѓу луѓето во татковината и во светот без разлика на возраста, етничката, верската и друга припадност. Ова предавање професорот го презентираше со помош на видео материјали, а му асистираше претставничката од Општинскиот Црвен крст, **Лидија Сланева Т. Стојановиќ**.

По излагањето, покрај претседателката на активот на жените, **Неделка Ѓорѓиева** со свои дискусии и прашања учествуваа и повеќе присутни.

Традиционално по трет пат годинава Општината Велес во соработка со Сојузот на училишен спорт, Црвениот крст, Здржението на педагози и на новинарите, го организира отворениот спортски ден, што се одржа на 7 јуни, учество зедоа над 600 ученици и голем број велешани од сите структури и возрасти, меѓу кои и пензионери.

На Отворениот спортски ден пријатно изненадија со својата бројност и успеси спортските екипи од Здружението на пензионери Велес коишто се натпреваруваа во повеќе дисциплини, и тоа во: шах, пикадо, табла и домино во машка и женска конкуренција.

– Нашите спортисти имаа можност да ги покажат своите способности пред основците и средношколците коишто беа воодушевени од виталноста на бабите и дедовците – спортисти, – ни рече капитенот на сите спортски екипи–пензионери, **Саздо Кицевски**.

**Веле Алексоски**

Здружението на пензионерите на Општина Сарај

## Пролетни активности

Во рамките на Програмата за работа на Здружението на пензионерите „Сарај", се одвиваат повеќе пролетни активности. Меѓу другото на 14.05.2011 година со ограноците на своето членство се одржаа и спортски натпревари.



Пред започнување на натпреварите, најнапред претседателот на Здружението **Руфат Рамадани**, ги запозна членовите со некои програмски задачи и тековни прашања на Здружението, а потоа натпеварите ги прогласи за отворени.

Ова Здружение има три ограноци: „Сара"ј, „Кондово" и „Буковиќ". Во спортскиот натпревар, секој огранок учествуваше со своја екипа. Натпреварите ги организираше Комисијата за спорт при Здружението, додека секоја спортска дисиплина имаше своја Комисија. Натпреварите беа арганизирани и спроведени во согласност со Правилникот за спортски натпревари.

По завршување на натпреварите беше организирано заедничко дружење на кое претседателот на Комисијата за спорт **Махир Дураку**, ги запозна присутните со постигнатите резултати од натпреварите.

Така, пензионерите на Здружението на општина Сарај, преку овие спортски натпревари се рекреираа, се дружеја и се релаксираа.

**Баки Бакиу**

ЗП Пробиштип

## Многу активности, многу предизвици

Во Здружението на пензионерите во Пробиштип, од самиот почеток на пролетта, врие како во кошница. Комисиите како да ги фати натпреварувачка еуфорија за целосно реализирање на зацртаните активности. Спортистите интензивно се подготвуваат за пријателските и регионални натпревари. Активот на жени пензионерки, заедно со комисијата за култура, го направија роковникот за посета на познати локалитети во земјата, дружења со врсничките од другите здруженија, литературни средби, изложби и забави.

Културно–уметничкото друштво „Весели пензионери" ги започна фестивалските настапи и освојување на првите награди. Тргнаа и по истражување на нови, заборавени, традиции, песни и ора.

При крајот на април настапија на фестивалот за изворни песни и ора „Гајда" во Ињево. Со изведбата на еден стар обичај од пробиштипско, со изворни ора и викоички песни, неодминливата група гајдари и богатиот колорит на носиите од овој крај, го свртеа вниманието на присутните и жири комисијата. Ја освоија наградата за најоригинална и комплетна носија, а добија и позитивна критика за умешноста во оригиналното презентирање на традициите. Сепак, за нив, најголема награда е аплаузот и задоволството на присутните.

На 8–ми мај, по покана на Советот на фестивалот „Гора–фест" 2011 година, а по препорака на етнолози од Македонија, во општина Драгаш, Република Косово, „Веселите пензионери" од Пробиштип мошне успешно го претставија изворниот фолклор од Македонија. Инаку, ова е фестивал на изворен фолклор на земјите од јужен Балкан, во кои живеат македонци, а целта е да се прикажат македонските традиции, обичаи, песни и ора пред гораните од овој крај.




Фестивалот е од ревијален карактер, и се одржува по втор пат, меѓутоа директорот на фестивалот, **Бојда Исмаил** е оптимист и се надева дека од наредната година истиот ќе добие натпреварувачки карактер. И овде, членовите на културно–уметничкото друштво „Весели пензионери" имаа успешен настап, и доследно го презентираа фолклорот од осоговието и овчеполието. Носиите, за присутните, беа вистинска атракција. Тие постојано се распрашуваа од што се направени, како се одржуваат, од што се составени, кој дел како се вика и слично. Не изостана и желбата за заедничко фотографирање со населението од Брод, место сместено на Шар Планина. Беше убаво да се биде меѓу таков гостољубив народ.

За учеството на овој фестивал, голема благодарност до локалната самоуправа и градоначалникот на Пробиштип, кои го поддржаа настапот, обезбедувајќи им го превозот на пензионерите.

**М.Здравковска**

ЗП Радовиш и Конче

## Разновидни активности

Во организација на ЗП Радовиш и Конче, беа организирани бројни активности од кои посебно ги издвојуваме пензионерските спортски натпревари на кои се одржа и средба на претседателот на



ЗП Радовиш и Конче **Јордан Костадинов** со градоначалниците **д-р Роберт Велков** и **Стојан Лазаров**.

На средбата стана збор за активностите поврзани со спортот, културно–забавниот живот и здравствената заштита на пензионерите и им се заблагодари за успешната соработка. Гостите ги искажаа своите искрени заложби за создавање подобри услови за дневен престој на пензионерите, а стана збор за организирање на почести превентивни здравствени прегледи, посета на болни и изнемоштени лица и помош на социјално загрозени пензионери.

На 26. мај на спортската манифестација „Возење на велосипед и пешачење" од Радовиш до Ораовичкото манастирче учествуваа повеќе од 100 пензионери членови на Здружението кои покажаа голема подготвеност и издржливост.

Исто така, Здружението на пензионери Радовиш и Конче, на почетокот на месецот во соработка со здравствените амбуланти во Ораовица и Конче организираше превентивни здравствени прегледи за своите членови.

На 7. јуни во Центарот за култура „Ацо Караманов", Радовиш организираше Општинска Ревија на песни, ора и игри. Учесниците во оваа културна манифестација предводена од **Стојанче Лукаров**, видно задоволни од постигнатиот успех, продефилираа низ улиците во градот до ресторанот „Шампион" каде што продолжи заедничкото дружење и веселата забава.

**Ј. К.**

Шаховски турнир во Штип

## „Сењак" екипно најдобар

Здружението на пензионери од Штип на 24 мај 2011 година организираше шаховски турнир помеѓу пензионерите од урбаните заедници „Баби" и „Сењак", а двојките беа извлечени со ждрепка. На отворањето на овој традиционален шаховски натпревар, поздрав до учесниците и гостите упати претседателот на Здружението **Михаил Василев**, при што рече дека на турнирот учествуваат шнаесет натпреварувачи на четири шаховски табли, каде пензионерите ја покажаат мајсторијата на древната шаховска игра. **Милко Ѓорѓиев** одговорен пред урбаната населба „Баби" изрази задоволство од работата на клубот и додаде дека овој турнир се одржува од 2006 година, а четврта година се организира како традиционален по повод патронот на населбата „Баби", Светите браќа Кирил и Методиј. На турнирот екипно победи населбата „Сењак", а првото место му припадна на **Момчило Смолиќ**, второто го освои **Бошко**



**Стојанов**, третото му припадна на **Ванчо Шахинов**, при што се поделија пригодни подароци.

**Ц. Спасикова**

ЗП Неготино

## Прием и плакета за успешниот пласман

Здружението на пензионери од Неготино ја продолжува соработката со локалната самоуправа. Така на 2.6 2011 година од страна на градоначалникот **Пане Трајков** беше приреден прием за пензионерите победници на традиционалните регионални пензионерски спортски натпревари кои се одржаа на 20.5.2011 година во бањата Негорци – Гевгелија. Од страна на ЗП Неготино, претседателот на здружението **Петар Захарчев** го запозна градоначалникот дека пензионерите од Неготино го освоиле првото место во дисциплината тегнење јаже – мажи, тегнење јаже – жени, скок во далечина од место и тробој, а второ место во дисциплината табла – мажи, како и трето место во дисциплините:

стрелање со воздушна пушка – жени, домино – жени и фрлање ѓуле – мажи. Во генерален пласман ЗП Неготино е на второ место, што претставува одличен успех! Притоа Захарчев им се заблагодари на градоначалникот, на секретарот Христовски, на пензионираниот професор по физичко Камендолиев, кои помогнале во остварување на резултатите. Предавајќи му плакета на претседателот на ЗП Неготино, градоначалникот на присутните им посака добро здравје и среќни пензионерски денови.

**Илија Емшов**





## Фиксна телефонија на ONE

ONE Ви нуди најевтино решение за фиксна линија со кое добивате:

- Најниска месечна претплата од 149 денари
- Бесплатно го задржувате стариот број
- Иста цена за разговори во цела земја
- Без надоместок за приклучок (со 24-месечен договор)
- Најповолни цени за разговор
- Бесплатен фиксен телефон – HWCD399

Повеќе информации во **Центарот за грижа за корисници на (02) 181.**

www.one.mk

Интервју: Бесник Поцеста, потпретседател на Собранието на СЗПМ

# Успесите се резултат на труд и искуство

**Пред да станете потпретседател на Собранието на СЗПМ се афирмиравте како претседател на ЗП „Дебар” на чие што чело се уште се наоѓате. Во што е тајната на Вашиот успех што толку долго се одржавте на оваа функција во Здружението?**

Не гледам и немам никаква тајна за мојата афирмираност. Тоа што е постигнато е резултат на мојата желба и чесност, на мојата целосна посветеност и залагање во работата и извршувањето на должностите кои ми се доверени. Потврда за тоа се и искажаните позитивни финансиски резултати во остварувањето на програмските задачи на самото Здружение, што е во интерес и на раководството и на членството. Посебно сум мотивиран и од несебичната поддршка и помош што ја имам од органите и пензионерите на ова здружение и од вкупната поддршка и признанието што ми е дадено од страна на органите на СЗПМ, како и од поранешното и од новото раководство на чело со сегашниот претседател Драги Аргировски.

**Кои се основните белези на ЗП „Дебар” што го издвојуваат и го вбројуваат во подобрите здруженија во СЗПМ?**

Некои посебни белези за нашето Здружение тешко е да се издвојат. Здружението како членка на СЗПМ, има исти програмски определби и активности, дури и слични успеси во реализацијата на работите и задачите како и во други здруженија што се за истакнување и што спаѓаат меѓу најдобрите. Сепак, посебно сакам да



истакнам дека Здружението има добри услови за дејствување и за реализација на активностите од Програмата за работа. Тука би го спомнал Домот на пензионерите со своите капацитети и можности за дневен престој на пензионерите и други помошни работни простории за извршување на активностите на Здружението. Како поволност посебно ги истакнувам изворите на финансиските средства како приходи од закупци на двете деловни простории, со кои Здружението има можност да ги подмирува секојдневните трошоци, секако со домаќинско работење и секогаш транспарентно, со донесување соодветна одлука на органите и редовно информирање на членството.

**Во Програмата на ЗП за оваа година имате мошне амбициозни задачи кои ве обврзуваат на поинтензивно ангажирање и на зголемени напори за целосно остварување. Издвојте ги најбитните од нив на кои ќе се фокусирате посебно?**

Во Програмата за работа на ова здружение се определени целите и задачите за тековната 2011 година, иако не може да се каже дека во истата се опфатени сите активности. Речиси, таа е слична на програмите за работа од претходните години со извесни дополнувања за нови активности кои се појавуваат во секојдневниот живот, а истите се во интерес на пензионерите. Инаку, за нас, сите програмски цели и активности се подеднакво значајни и така ќе се организираме Програмата во целост да ја реализираме. Меѓутоа, Здружението и неговите органи посебно ќе се залагаат за давање поддршка за подобрување на здравствената заштита, на социјалните и пензиските примања и на сѐ друго што ќе биде дадено како иницијатива од страна на СЗПМ за подобрување на животниот стандард на пензионерите. Како приоритет е и вклучување на нашето здружение во одбележување на 65 години од организирањето на пензионерите во Р Македонија.

**За потпретседател на Собранието на СЗПМ бевте изгласан со акламација како потврда на големата афирмација што ја имате како познат активист во Дебар и пошироко. Заблагодарувајќи им се за укажаната доверба ветивте дека ќе ја оправдате. Како тоа ќе го направите?**

Навистина бев пријатно изненаден и среќен така, со акламација што бев изгласан. Сепак, да бидам искрен, тоа ми создаде многу поголема обврска и одговорност во извршувањето на должноста. Бездруго, како потпретседател на Собранието на СЗПМ, заедно со новото раководство и со другите избрани органи и тела во Сојузот, ќе се ангажирам во остварувањето на програмските определби и извршувањето на тековните задачи. Максимално ќе се залагам и на сите можни начини ќе давам придонес Програмата за работа и активности во оваа година во целост да биде реализирана. Посебно, во согласност со Статутот и со помош на раководството и органите на СЗПМ, ќе се потрудам за поголема афирмација и



проширување на мултиетничноста во работата и дејствувањето на Сојузот.

**Вие сте почесен член на Конфедерацијата на синдикатот на пензионерите во Поградец - Р Албанија. Имате ли некакви искуства од контактите со оваа асоцијација што ќе ги искористите на новата должност?**

Така е, почесен сум член на Конфедерацијата на синдикатите и пензионерите на околија Поградец Република Албанија, а господинот **Назиф Даљани,** како претседател на оваа Конфедерација, е почесен член на нашето Здружение. Во меѓусебни контакти и средби во Поградец, во ЗП Дебар и во Охрид, сме имале забележителни успеси во размена на искуства, меѓусебни пензионерски зближувања во интерес на двете страни како пензионерски асоцијации и секако, во интерес на двете држави – Република Македонија и Република Албанија. Напомнувам дека како член на Извршниот одбор на СЗПМ на двапати сум бил во делегацијата на СЗПМ при посетата на Конфедерацијата на синдикатите и пензионерите на Р Албанија и обратно, толку пати сум бил вклучен во групата за дочек на делегацијата од Р Албанија. Покрај другото, овие средби се од посебно значење за афирмирањето на активностите на двете страни и зближувањето и јакнењето на меѓусоседските односи на двете држави.

**На крајот, кажете неколку збора за тоа како ги постигнувате сите овие активности? Сепак, годините си се години. Се должи ли Вашата активност и на поддршката од Вашето семејство?**

Овие активности и многу други кои не се спомнати, мислам дека сум ги постигнал со желба, со искуство и со многу вложен труд. Поддршката која ми ја дава моето семејство е непроценлива, но и здравјето добро ме служи, за што и на Господ му благодарам.

**Вјолца Садику**
**Мендо Димовски**

---

Седницата на Одборот на регистрирана организација за солидарни средства и членарина

# Утврдување на вистинската состојба

Одборот на регистрираната организација за солидарни средства и членарина, на 30 мај оваа година, во просториите на СЗПМ одржа седница на која расправаше за реализацијата на Спогодбата со Фондот на ПИОМ за начинот и постапката за задршка на определените средства од пензијата за солидарен фонд – посмртна помош и членарина и за исплатата на посмртната помош на семејствата на починатите корисници на пензија. Исто така, на дневен ред беше поставен и проблемот околу диспропорцијата на актуелната и вистинската бројност на членството во здруженијата и сојузите на ЗП што создава несоодветна и нереална распределба на средствата од членарината.

Со седницата раководеше претседателот на Одборот Душко Шурбановски, а од раководството на СЗПМ присуствуваа: претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, потпретседателот на ИО **Методија Тошевски** и секретарот на СЗПМ **Станка Трајкова**. По воведното излагање и насочувањето на дискусијата, претседателот **Душко Шурбановски** истакна дека Спогодбата е добра основа за соработка со Фондот на ПИОМ и овозможува редовно и целосно реализирање на регулираните обрски, меѓутоа, во дискусијата беше искажана потреба и согласност за нејзино доградување, по претходно одржани средби и консултации со претставници од Фондот. Одборот зазеде став да се обнови прашањето за средствата што Фондот требаше да им ги врати на здруженијата уште во декември 2007, што како право произлегува од ЗПИО, а предложи и формирање резервен фонд за солидарниот фонд. Исто така, беше заклучено да се интензивира меѓусебното информирање и од страната на Фондот и СЗПМ за здруженијата редовно да добиваат податоци за починатите и новите пензионери.



Расправата главно беше насочена кон изнаоѓањето решение за регулирање на членството во ЗП и сојузите и утврдување на нивната фактичка состојба. Како проблем се наметна актуелната состојба со распрелбата на членарината по здруженијата поради неажурираната евиденција. Во расправата по ова прашање учествуваа: **Крсто Цанев, Драги Аргировски, Крсте Ангеловски, Димитар Богатиноски, Љубомир Николоски, Слободан Димовски, Методија Тошевски, Станка Трајкова и Гидо Бојчевски**. Одборот донесе Одлука за регулирање на бројноста на членството, како и за начинот на пресметување и распоредување на средствата од членарината која им припаѓа на здруженијата и на сојузите на ЗПМ. Оваа одлука ќе се достави до сите сојузи на ЗП за да се усогласи работата и идентично да се постапува по прашањето на членството и распоредувањето на средствата по здруженија.

**М.Д.**

---

ЗП Тетово

# Екскурзии на пензионерите со општинска донација

Тетовските пензионери во месецот што изминува имаа зголемени активности и со организирани екскурзии во земјата и странство. Иако главно беа од рекреативен карактер, за да се разбие монотонијата во животот на пензионерите, сепак одделни прошетки поприлија карактер и на историско–туристички содржини. Во некои од градовите и локалитетите одржани се историски часови, а објаснувањата на кустосите се следени со посебен интерес од страна на пензионерите. Збогатената програма и масовното учество на пензионери на овие екскурзии се реализираше благодарение на разбирањето и помошта на градоначалникот на општина Тетово проф. **д-р Сади Беџети**. Инаку, тетовското здружение на пензионери остварува мошне тесна и плодна соработка со органите на локалната самоуправа, благодарение на веќе создадените релации.

Најдолга и најорганизирана беше екскурзијата на тетовските пензионери во соседна Албанија. 50 пензионери, во чиј состав имаше и мажи и жени, но и национално мешан состав од Македонци и Албанци, посетија повеќе места. За тридневниот претстој, одбран беше градот Драч, од каде и се патуваше во другите места. Круја беше првата дестинација и заедно со Лежа, значат места сврзани за животот и делото на Скендербег. И во двете места беа одржани историски часови, на кои зборуваа познати кустоси и историчари. Низ главниот град на Албанија, Тирана, тетовските пензионери имаа можност да се запознаат со неговите убавини. Во Берат, за кого се тврди дека е најстариот град на Балканот, посетени беа старините, а посебно црквата „Св. Онуфри”, на калето на



Берат, која потекнува од седмиот век.

Скадар беше посебна приказна, не само затоа што е на реката Бојана и дека е најсеверниот град на Албанија, туку и по легендата што со векови се пренесува за градбата на калето на Розафа. Калето наводно го градете тројца браќа. Некоја чудна сила се случувало секоја ноќ да им го рушат тоа што е изградено. Така се повторувало секојдневно. За да се спречи тоа и калето да се изгради, од браќата било побарано жртва. Со таен договор на двајцата постари браќа, жртва станала сопругата на најмладиот. Кога таа донела ручок за мајсторите, ја сосидале, оставајќи и само една града за да го дои своето бебе. Калето на тој начин било изградено, а легендата останала да живее до денешни дни. Во Скадар пензионерите беа одушевени и од убавината на Скадарското Езеро и подвижниот мост на реката Бојана.

Над 100 пензионери од Тетово беа и на еднодневна екскурзија во соседно Косово. Реализирана е програмска цел со посета на меморијалниот центар во Дреница, а пензионерите прошетаа и низ Приштина, Гаковица и Призрен. Остварена е еднодневна екскурзија со 50–тина пензионери и на релацијата Битола, Ресен и Охрид. До крајот на годината планирани се уште неколку екскурзии.

**Гојко Ефтоски**

---

На 31 мај 2011 година одржана традиционалната манифестација „Мајски ракувања”

# Букет од песни и игри

Комисијата за културно–уметнички самодејности, во чии рамки работи КУД „Ѓоко Стојановски”, во својата годишна програма традиционално ја вклучува музичко фолклорната манифестација „Мајски ракувања”. Друштвото, како носител, и годинава приреди уште едно пријатно доживување за масовното кумановско пензионерско членство и сограѓаните. Во најубавиот месец од годината, во Центарот за култура „Трајко Прокопиев”, со љубов и умешност приреди возбудлива и колоритна вечер.

Под диригенството на **Александар Ѓеоргиевски** се редеа повеќе хорски изведби на македонски народни песни. Насмевките на лицата на посетителите, кои непрестано аплаудираа, беа доволен доказ за нивното наслодување и од соло изведбите на повеќе изворни македонски песни, исполнети од распеаните грла на веќе потврдените: Јелка Тодоровиќ, Достана Иванова, Булент Даути, Добрила Јаневска, Симеон Бојаџиевски, Аго Хаурдиќ и Радосвет Илиевски.



Кумановските пензионери се креативни и неуморни. Тоа го потврдија и фолклористите со кои раководи кореограф **Марјан Бошковски**. Во колоритни носии, преку играта и песната мошне импресивно и динамично се претставија со сплет од „Драчевка”, „Србија” и песни и игри од Егејска Македонија.

На крајот на концертот, беше изведена и хумореската „Две сестри”. Надежда Булатовиќ, Достана Иванова и Новко Петрушевски автор на текстот, предизвикаа смеа, истовремено оживувајќи го ликот на опеаниот кумановски шегаџија и мераклија – Батко Ѓорѓија. Успешно организирање на оваа културна масовна пролетна манифестација и овојпат ја потврди оправданоста за нејзиното постоење.

**Т. Антиќ**

ОД РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПИОМ

# Во чекор со потребите

Ако се суди по тоа што се е постигнато на информатичко–компјутерски план во Фондот на ПИОМ, тогаш можеме да речеме дека е направено и вложено многу, сѐ со цел, унапредување на работниот процес и максимално намалување на времето за чекање, односно добивање на пензија. Всушност, тоа е основната водилка на политиката на Менаџерскиот тим, којшто последниве неколку години вложува максимални напори за дополнително образование на вработените не само во Централата, туку и во филијалите и деловниците во нашата држава, точно на овој план.

При ваков информатичко–компјутерски проект којшто е доследно применет во практика и веќе успешно функционира во Фондот на ПИОМ беше т.н. „Компјутерска папка", која што подразбира прибирање на сите посебни барања и документи за добивање пензија од една и најбрзото решавање на пензијата и нејзина исплата на корисникот, од друга страна. Овој значаен компјутерски зафат не само што го намали администрирањето во самиот Фонд, туку напротив, создаде и благопријатно задоволство кај идните пензионери дека тие, без поголемо ангажирање можат своето барање без пречки и проблеми да го решат на брз и практичен начин, со ново технолошко решение.

Но, не се остана само на ова. По барање на Владата на Република Македонија, во Фондот беше организирано реализирањето и на проектот „Таен клиент" , со цел да се добие увид во вистинската состојба за одговорноста во нудењето услуга за граѓаните. Од досегашните резултати на овој план можеме да бидеме задоволни, а тоа се истакнува и во извештаите на Владата... Очигледно, ангажираноста на вработените и овој пат се покажа како добар предизвик, така што забелешки нема, а тоа ќе рече дека целта е постигната!

Следниот значаен информатичко–компјутерски проект којшто исто така, е во фаза на конкретна реализација и веќе ги дава неопходните резултати е „Граѓанскиот дневник", чии што перформанси се прилагодени на сегашниот степен од дигитализацијата на работата на Фондот. Како за „Тајниот килиент" исто така, и за „Граѓанскиот дневник", сите вработени беа запознати, а најголем број и едуцирани, што значи дека перманентното информатичко–компјутерско образование во Фондот на ПИОМ зазема значајно место не само во сегашната фаза, туку уште повеќе за работата во иднина.

Така, неодамна во Фондот се одржаа повеќе презентации не само со раководните луѓе туку и со вработените на шалтерите и началниците на службите за примена и апликација на „Едношалтерскиот систем", којшто означува огромен исчекор и практична реализација на сите перформанси што службите ќе треба да им ги даваат на корисниците на услуги, односно на сегашните и идни пензионери. Таквата определба е дефинирана со целта – да нема враќање на клиентот што бара услуга, додека пак, поднесувањето на неговите документи се поедноставува со вградувањето на т.н. „Семафор". Имено, клиентот што ќе побара услуга во Фондот на ПИОМ, во иднина ќе може да ја оценува работата на шалтерските работници со тоа што ќе притисне на едно од трите копчиња на "Семафорот" со што ќе се определи како критички ја оценува работата на службеникот со тоа што ќе му додели поголема или помала оценка за ефикасност, љубезност и услужливост. Како и да е, пред новите предизвици на технологијата, вработените во Фондот на ПИОМ, одговараат со сериозност и одговорност, стекнувајќи потребни знаења за подобри и квалитетни услуги, а сето тоа се реализира во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација и со одделни специјализирани фирми...

**м-р. Снежана Кутузовска**

# Пикник на збратимени здруженија во Маврово



Во организација на Здружението на пензионерите од Гостивар на 28 мај на брегот на Мавровското Езеро кај месноста "Крстови–два" се одржа пријатна пензионерска пикник средба на која учествуваа околу 1.700 членови на здруженијата од Радовиш, Кавадарци, Куманово, Гостивар, Велес, Свети Николе, Ѓорче Петров, Штип, Тафталиџе – Скопје, Сарај, Тетово, Струга, Неготино, Кичево и Дебар.

Овој рекреативен собир на пензионерите од Македонија со пригоден говор го отвори **Нијази Џељиљи,** претседател на Здружението на пензионерите на Гостивар, акцентирајќи дека среќата и во трето животно доба повеќе се чувствува кога има со кого да ја споделиш.

За значењето на другарувањето и активното стареење и за европските стандарди говореше претседателот **Драги Аргировски**, при што посебно ја пофали иницијативата на гостиварското пензионерско раководство за организирање на една ваква незаборавна средба, бидејќи дружењето гарантира нови успеси на пензионерското организирање и активност на СЗПМ, како најбројна неполитичка и невладина мултиетничка организација.

На присутните пензионери им се обрати и **Бесник Поцеста**, потпретседател на Собранието на СЗПМ, истакнувајќи дека радува фактот што на оваа средба успешно се дружат Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми и други, што е симбол на единство и нераздвоеност.

Средбата мина во игра и песна, во ширење на пријателствата и во запознавање на природните убавини на националниот парк Маврово.

За успешното организирање на оваа пензионерско дружење на зелено кај Мавровското Езеро придонес даде и градоначалникот на општина Маврово–Ростуше **Мукрем Мехмеди**, а се очекува оваа средба да стане традиционална.

**Вадије Зендељи**

## Најнови измени и дополнувања во Законот на ПИОМ

Со Законот за изменување и дополнувања на Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Сл. весник на РМ број 51/2011) се менува рокот за донесување решение во управна постапка и се зајакнува одговорноста доколку Фондот не го донесе решението во со закон утврдениот рок. Овие измени и дополнувања не се однесуваат на материјалните права од пензиското и инвалидското осигурување.

Основна цел на овие измени е поефикасно остварување на правата од оваа област, а идентични измени и дополнувања се направени и во другите закони каде што како процедурален закон во постапката се применува Законот за Општа управна постапка (матична евиденција на осигуреници и пензионери, социјална заштита, осигурување во случај на невработеност).

**Со членот 1 од измените и од дополнувањата на ЗПИО, законодавецот интервенира во постојниот член 140 каде што се утврдени роковите за донесување решение. Во членот 1 од измените досегашниот рок за донесување на решение од 30 дена се заменува со 60 дена од денот на поднесување на уредно барање.**

Со членот 3 од наведените измени и дополнувања се додава член 140–а, кој гласи:

„Доколку Фондот не донесе решение за остварување на права од пензиското и инвалидското осигурување, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот утврден со членот 140 став 1 од овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на директорот на Фондот, заради донесување на решение по поднесеното барање.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за труд и социјална политика. Директорот на Фондот е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот 1 на овој член до писарницата на директорот да донесе решение со кое барањето ќе го уважи или одбие. Доколку директорот на Фондот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Фондот.

Кон барањето за остварување од пензиското и инвалидското осигурување подносителот на барање доставува и копија од барањето од членот 134 на овој закон.

Доколку директорот на Фондот не донесе решение во рокот од ставот 3 на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспектор во рок од пет работни дена.

Државниот управен инспектор е должен десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот 5 на овој член да изврши инспекциски надзор во Фондот и да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот инспекциски надзор и да го информира подносителот на барањето.

Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Фондот во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање односно да го уважи или да го одбие барањето и за преземените мерки да го извести Државниот управен инспектор и да му достави примерок од актот со кој е одлучено по барањето.

Доколку директорот на Фондот не одлучи во рокот од ставот 9 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кои директорот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето. Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител.

Доколку директорот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот 8 на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот 6 на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот 10 на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапи по известувањето од подносителот на барањето од ставот 6 на овој член или не поднесе пријава согласно ставот 9 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поднесување на прекршочна постапка на инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кои инспекторот ќе изврши надзор во Фондот дали е спроведена постапка согласно со законот и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето.

Доколку инспекторот не постапи во дополнителниот рок од ставот 11 на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторатот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

Во случајот од ставот 12 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случаите од ставот 13 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат, во рок од три дена го информира подносителот на барањето.

Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно ставот 11 на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

Доколку директорот на Фондот не одлучи во рок од ставот 7 на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд. Постапката пред Управниот суд е итна.

По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот 2 на овој член во „Службен весник на Република Македонија" истите се објавуваат на веб страницата на Министерството за труд и социјална политика."

**Понатаму, законодавецот прави суштинска измена и го менува членот 141 од постојниот ЗПИО каде што надлежноста за одлучување во постапка по жалба од комисија на Владата на РМ за решавање во втор степен по предметите од ПИО, ја пренесува на Државна комисија која ќе започне да работи по започнување на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Како и досега против решението на државната комисија може да се поведе управен спор.**

**Членот 7 од овие измени на ЗПИО утврдува дека започнатите постапки ќе се завршат според законот кој важел во моментот на започнување на постапката што е и општо правно правило за временското важење на прописите.**

**Имајќи ги предвид изложените измени и дополнувања на ЗПИО, би коментирала дека појдовна основа да се формира нов второстепен орган во однос на ПИО е да се обезбеди апсолутна деволутивност во решавањето по жалба, со цел досегашната комисија на Владата на РМ да не биде „квази", второстепен орган (според некои мислења).**

**Но, кога сме кај ова прашање (второстепен орган), истата цел можеше да се постигне и преку давање лабава автономија на подрачните единици во Фондот, што би било поекономично и порационално.**

**Што се однесува до новиот член 140-а каде што се предвидуваат решенија за одговорност, ако во рок не се донесе решение од ПИО, Фондот треба ажурно да постапува зошто во спротивно ќе се изгубите во дополнително предвидени рокови во кои може да интервенирате за ажурно донесување на решение и остварување на Вашето право.**

**Станка Трајкова**

# Пензионери садеа цвеќиња



Покрај кејот на реката Вардар, на 13.6.2011 година пензионерите од Општина Аеродром во соработка со Алфа ТВ и Хортикултурното здружение на Македонија садеа цвеќиња. Дваесетина пензионери заедно со сезонските работници од Општина Аеродром и работници од ЈП „Паркови и зеленило", во познатиот пензионерски парк во близина на спортската сала „Јане Сандански", насадија стотина садници летно сезонско цвеќе од видот „импатија" или познато меѓу народот како „водарче". Цвеќето беше обезбедено од ЈП „Паркови и зеленило".

Целта на оваа активност е да се вклучат љубителите на цвеќе од повозрасната популација, да се рекреираат и да се дружат пензионерите и на тој начин да дадат пример за корисно поминато слободно време.

Инаку, преку спроведувањето на оваа активност, Општина Аеродром преку ангажирањето на пензионерите се вклучува во остварување на „Стратегијата за стари лица 2010–2020" донесена од Владата на Република Македонија.

**И. Глигоров**

**ПЕНЗИОНЕР плус**

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година IV – број 35
јуни 2011 год.

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**
**Драги Аргировски** (претседател)
Бесник Поцеста
Методија Тошевски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Љубомир Ѓорѓиев
Павле Спасов
Софија Симовска
Милан Димитровски
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

**Редакциски одбор:**
**Методија Тошевски**
Главен и одговорен уредник;
**Калина Сливовска-Андонова**
заменик главен и одговорен уредник;
**Членови:**
Мендо Димовски, уредник;
Цветанка Илиева, уредник,
Баки Бакиу,
Костадинка Кајмакоска,
Фруска Костадиновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ „12 ударна бригада"
бр. 2. зграда на ССМ – Скопје
Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390
Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **kontakt@szpm.org.mk**

**Проект Развој Македонија**

**тел. 02 3213 227**
**E-mail: prm@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
ПРМ

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

Валандово: Деветта регионална ревија на песни, музика и игри

# Ревија што наликуваше на фестивал

И годинава, во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, се одржа IX Ревија на песни, музика и игри, а домаќин на настанот беше ЗП Валандово, градот на калинките, смоквите и песната. Петнаести јуни беше како празничен ден. Учесниците, домаќините и гостите, беа удостоени со присуството председателот на СЗПМ Драги Аргировски. И, како што е ред на ваквите средби, на присутните пријатно и топло добредојде им посака претседателот на здружението на пензионерите од Валандово, **Леонид Манчев:**

– Ме радува, што токму од оваа сала на фолк–музиката, каде што се чувствува мирисот на расцутените липи и маслинки збогатени со раскошните цветови на калинките започнува една средба, која ќе се одвива во пет региони, а на која, ние повозрасните, ќе ги прикажеме и покажеме нашите квалитети и креативни способности.

Од име на градот домаќин на присутните, гостите и учесниците во Ревијата им се обрати градоначалникот на Валандово, **Николче Чурлинов**, кој, исто така, не го криеше задоволството што неговиот град ги прифати 300–те учесници и гости за да им ја покаже валандовската гостопримливост и топлина.

– Овде музиката се сака, се цени, се почитува и со посебен пиетет се негува, рече тој.

Потоа на присутните им се обрати **Станка Трајкова**, секретар на Сојузот на здружрнијата на пензионерите на Македонија. Таа најнапред на присутните им посака долг и среќен живот, многу здравје и да продолжат со песната и играта, зотоа што тоа е лек против предвременото стареење.

– Се надевам дека вие со својата зрелост, одговорност и ентузијазам, ќе покажете како се чуваат и негуваат обичаите, традицијата и националното богатство.

Потоа ја прогласи IX Ревијата на песни, музика и игри за отворена, со што започна да се ниже бисерницата од македонски песни и музика.

Во прекрасниот амбиент на фестивалската сцена, уредена за вакви пригоди, се претставија пеачки групи, хорови и инструменталисти на здруженијата на пензионерите од Струмица, Дојран, Богданци, Кавадарци, градот домаќин Валандово, Неготино, Велес и Гевгелија. Како гости, а во рамките на меѓуопштинската соработка, настапија и пензионерите од Здруженијата од Битола и Прилеп. Вракајќи се себе си и присутните во деновите на младоста, се разгалија душите и се растреперија срцата. Се на се, се имаше впечаток дека се повтори Валандовскиот фестивал, но овој пат со малку повозрасни изведувачи!

Учесниците на ревијата иако во поодминати години, уште еднаш покажаа дека за песната и играта годините не се важни.

**М. Здравковска**


Леонид Манчев


Николче Чурлинов


Станка Трајкова


ЗП Кавадарци


ЗП Валандово


ЗП Неготино


ЗП Струмица


ЗП Дојран


ЗП Велес


ЗП Богданци


ЗП Гевгелија




ЗП Кавадарци - инвалиди


Врачување на признанија

Од свој агол

# Крајна посветеност и заложба за нови успеси

Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, на 20 септември оваа година ќе ја одбележи 65 годишнината од своето постоење. Како исклучително значаен настан, овој датум е обележан во сите документи и програми на Сојузот и на здруженијата на пензионери, кои, после изборите, оваа година ја започнаа со крајна посветеност и заложба планираните активности да ги завршат со значителни успеси. Избраните раководства веднаш пристапија кон реализација на програмските активности, кои главно се насочени кон преземањето мерки за остварување на уставните определби на државата за создавање подобра социјална состојба на пензионерите, но не само преку зголемувањето на пензиите, туку и преку другите основи кои ги намалуваат трошоците и го подигнуваат квалитетот на животот. Овде, покрај другото, се мисли и на напорите за подобрување на состојбата во здравството и здравственото осигурување, со покренување иницијатива за укинување на партиципацијата за лекови и лекување на лица постари од 65 години, како и проширување и помош на здруженијата за бањско лекување на пензионери со вистински потреби за тоа.

Според Програмата за оваа година Сојузот се обврза дека со свои ставови и посебни заложби ќе влијае врз државната политика при преземањето чекори за унапредување на квалитетот на животот на пензионерите и веќе е подготвен да учествува во работата на различни државни органи, совети и комисии од најниско до највисоко ниво и да дава иницијативи, сугестии и предлози за донесување нови и доплнување на постојните закони кои ја третираат проблематиката на пензионерите. Притоа, нагласена е потребата за поцелосно следење и ангажирање во реализацијата на Националната стратегија за стари лица, поттикнување изградба на домови за пензионерите, отворање нови клубови, дневни центри за престој и друго.

Сојузот и натаму останува посветен на својата определба за континуирано организирање спортско–рекреативни активности на сите нивоа во рамките на здруженијата, кои оваа година ќе кулминираат со одржувањето на 16-тите спортски игри, за што благовремено презема организациони, материјално–финансиски, кадровски и други мерки. Бездруго, овде треба да се спомнат и Регионалните ревии на песни, музика и игри (деветти по ред), организирањето заеднички концерти, драмски претстави, изложби и други културни манифестации и активности, кои духовно го обогатуваат животот на пензионерите, релаксираат и го зачувуваат здравјето.

Неизоставна активност на СЗПМ е проектираната соработка со други сојузи во Републиката, со органи, институции и служби на Државата, со ЗЕЛС, Црвениот крст, Сојузот на борците, Сојузот на синдикатите, со хуманитарни и други организации. Секако, посебно место зазема соработката со сојузи, асоцијации и здруженија на пензионери од соседните земји и со ЕУ, која има за цел размена на искуства, остварување заеднички потреби и иницијативи од меѓусебен, регионален и поширок интерес. Исто така, соработката ќе се прошири и ќе зајакне особено со медиумите кои постојано ја следат и ја презентираат пензионерската проблематика, а во рамките на сопственото информирање, ќе се акцентира подобрувањето на квалитетот и зголемувањето на тиражот на нашето гласило и организирањето подобри меѓусебни физички и интернет комуникации.

Програмските цели и активности, навистина се амбициозни и сеопфатни, но новото раководство на СЗПМ на чело со претседателот Драги Аргировски има сили, знаење и моќ сето тоа благовремено и со успех да го оствари.

**Мендо Димовски**

# Ратко Ѓорѓевиќ - Рац, автор на 11 иновации

Иако живее само десетина години во Охрид, речиси нема Охриѓанец кој не го познава иноваторот, инвалидскиот пензионер **Ратко Ѓорѓевиќ**, попознат како Рац. Меѓу Охриѓани е познат како иноватор на уреди за заштеда на електрична енергија. Тој има изработено 11 иновации кои штедат дури до 50% електрична енергија и се наменети за топлински уреди во простории кои се добро изолирани, за работни простории, соби за дневен престој, за спиење и други деловни или помошни простории.

Неговите иновации се: Термоакумулационен конвектор, електронски конвектор апарат за греење без греач, уред за кварцно греење со мермер, електроника за термоакумулациона печка со наизменично греење, уред за наизменично кварцно греење, електронски бројач за подно греење, уред со масло за наизменично греење и уште неколку други слични уреди. Со изработка на иновации започнал да се занимава во 1970 година кога ја изработил и правата иновација за двостепено греење за канцеларии, која е патентирана, а сеуште не е реализирана! Првиот патентиран уред на Рац е термоакумулациониот конвертор, кој има две мермерни плочи. Од задната плоча воздухот има температура од 45 целзиусови степени, а од предната плоча од 90 степени. Потрошувачката на грејното тело е 400 вати за 60 минути и загрева просторија од 8 метри квадратни. За оваа иновација Рац има сертификат од Заводот за патентирање на Република Македонија. Само една од неговите иновации е патентирана, од проста причина што патентирањето за само првата иновација го чинело 1.000 евра, а тој од скроманата пензија од 5.000 денари не може да плати суми од 2.000 до 4.000 евра за патентирање. Иновациите што ги изработил се од двете инвалидски пензии од неговата и пензијата на сопругата кои заедно изнесуваат 12.000 денари.

И другите негови иновации се квалитетни и пред се рационални и во насока на заштеда на електрична енергија. Но, за жал ниту една од 11–те иновации на Рац, немаат најдено практична примена од ниту една фирма, иако се понудени на повеќе македонски фирми и институции од областа на електрониката. Нивниот одговор е дека немаат финансиски средства, и дека сегашниве стопански услови на економска криза не дозволуваат изработка на иновации. Неговите барања од секоја иновација се минимални од 100 до 200 евра, а нивната вредност е значително поголема. Поради ваквата состојба тој размислува да бара менаџер кој ќе може неговите иновации да ги понуди на пазарите надвор од земјата, во западна Европа или САД.

– Иако сум инвалидски пензионер и човек во седмата деценија од животот, имам капацитет и знаење. Уште многу можам да работам на полето на иноваторството. Проблемот е во немањето финансиска поткрепа било од државата или од фирми и институции. Ако моите иновации не успеам да ги преточам во практика, ќе ми биде многу жал, не поради финансиската награда



што можам да ја остварам од нив, туку поради фактот што со нивната примена во практиката, би можело многу да се заштеди во потрошувачката на електрична енергија која станува се поскапа и е голем товар за секој поединец и фирма. Сепак сум оптимист и ништо не ме обесхрабрува. Верувам дека еден ден, кога и да е, моите иновации, ќе бидат преточени во производи. – вели човекот со висок степен на интелегенција, кој е веќе во години и со нарушено здравје.

Инаку, Ратко Горѓевиќ – Рац, животниот и работниот век од 1963 година до 2001 година го минал во Скопје каде што го завршил школувањето, а претходно 12 години минал во Белград. Во Охрид, живее од 2001 година заедно со својата сопруга Милица исто така пензионерка, која му дава целосна подршка во целиот негов живот, и како што вели тој, неговиот успех е и нејзин!

**К.Спасески**

# Попуст за пензионерите за летување во Драч

СЗПМ и Туристичката агенција „Три–А" од Република Албанија потпишаа спогодба за пристоен одмор на пензионерите од Република Македонија во хотелите во предградието на Драч со попуст од 25 отсто од цената на чињенето на пансионот.

Како што изјави сопственикот на агенцијата Џевдет Хисеини пензионерите од Македонија ќе бидат сместени во хотелите „Национал", „Пегасус", „Паштрик" и „Гранд хотел Њујорк" кои се наоѓаат на самиот брег на Јадранското море во Албанија, опкружени со борови и палмови дрвја.

Според спогодбата десетдневен одмор на прекрасната плажа во Драч со хотелско сместување, ручек и вечера ќе чини само 170 евра.

За подетални информации заинтересираните здруженија и пензионери можат да се обратат на телефоните 075 297 569 и 070 261 297 во Скопје.

# Најбарана дестинација - Крушево

ЗП Охрид и Дебрца по недамна расправаше по пристигнатите барања на месните огранoци од двете здруженија за организирање еднодневни излети во Републиката за оваа година. До крајот на мај беа пристигнати 11 барања од вкупно 30 месни огранoци на општините Охрид и Дебрца. Беше оценето дека поголемиот број од барњата за еднодневни излети се однесуваат за излети во Крушево, потоа на блиски градови од соседна Албанија и други туристички дестинации во Републикава – Маврово, Берово, Пелистер, Гевгелија, Дојран, Мијачкиот крај, манастирите „Свети Јоаким Осоговски, " Свети Јован Бигорски и други излетнички и туристички места, црковни и сакрални објекти и споменици.

Се одлучи прва дестинација за еднодневен излет во оваа година да биде Крушево со посета на Музејот и гробот на поп–иконата Тоше Проески и манстирот „Свето Преображение".

Комисијата за култура на состанокот донесе одлука ЗП Охрид и Дебрца да учествува на Регионалната ревија на песни и игри на Четвртиот западен регион, која ќе се одржи на 3 септември во Кичево.

**К.С.**

# Пензионерски денови полни со болка и страдање

Секој го одбира начинот на борба во животот, посебно ако е тешко болен. Мојот соговорник, долгогодишен пензионер, некогашен оптички работник во „Геталдус", **Владимир Марас**, избрал својата болест да ја победи со ведрина и насмевка и со сите свои сили настојува да си го олесни животот. Вниманието го насочил само на себе и никогаш не покажува дека му е тешко. Го сака животот и кога му е убаво и кога е весел и кога е тажен. Поради лошата здравствена состојба, тој ретко излегува од дома, од собата во која живее сам под кирија. Цели дваесет години тој ги менува становите бидејќи нема свој. Тешко зборува, се движи со одалка. Насмевката на бледото лице не може да ја скрие изнемоштеноста и трагите од болеста која веќе дваесет години длабоко се вгнездила во кревкото пензионерско тело.



Големиот мајстор, оптичар, беше познат по тоа што се трудеше секој да има убави и квалитетни очила,кои ќе го корегираат видот но кои и ќе одговараат на ликот и професијата на оној кој ги користи. И секогаш успеваше во тоа. Единствено не успеа, за прв пат, да ја добие битката со својата болест. Борбата за живот, од една страна и болеста од друга, која пред повеќе години го одведе на хируршки стол, сеуште секојдневно трае, а тој вистинската битка продолжува да ја бие.

Мојата посета видливо го возбуди и и го изненади и така чувствителниот Владимир. Потоа, откако се смири, почна да ми раскажува, при што, скоро сите одговори ми ги пишуваше, зошто тешко и неразбирливо говори.

**- И покрај тоа што имам 71 година, слаб организам и извршено исклучително тешка операција, нема да се откажам и да се препуштам на страдање и сожалување самиот себеси. Болката и страдањето се големи, но јас сум со цврст карактер. Знам дека сила треба да издржам до подобри денови кои мора да дојдат, зошто ништо не се постигнува со жалење. Успевам благодарение на мојата храброст да ширам отимизам на секаде и настојувам да владее хармонија и топлина во мојот живот** – вели Владимир. Тој гледа на животот со оптимизам, бидејќи сватил дека црните мисли ништо добро нема да му донесат.

**- Еве, како што гледате, живеам сам, во една просторија која не е наменета за живеење. Се обраќав до повеќе институции да ми помогнат, барем да бидам сместен во некој дом за стари и изнемоштени лица, но засега се останува по старо. Ми помагаат и моите две ќерки кои живеат во странство, зошто минималната инвалидска пензија и надоместокот за нега не се доволни да плаќам кирија и храна** – додава Владимир

Вели, дека многу им е благодарен на соседите и пријателите што му купуваат продукти и доаѓаат да го посетат, со што му го исполнуваат и разубавуваат денот.

Тажна е и болна приказната за тешкиот живот на Владимир. Да се надеваме дека ќе собере сила мирно и спокојно да го помине остатокот од својот живот во некој дом за стари и болни лица. Да се надеваме дека неговата приказна и молба за помош ќе допре до луѓето со големо срце и дека неговата желба да биде сместен во дом, наскоро ќе стане стварност.

**Васил Пачемски**

## IN MEMORIAM

### Чедо Георгиевски



На 11 јуни 2011 година почина Чедо Георгиевски, кој над една деценија несебично се ангажираше за подобро организирање на пензионерите во Македонија, како и за унапредување и заштита на правата од пензиското и здравственото осигурување. Особен придонес даде во зботатувањето на квалитетот на живеење на пензионерите, како и во развојот и на формите и облиците на културно–забавниот живот и спортско–рекреативните активности на корисниците на пензија. Пензионерите ќе се сеќаваат на Чедо Георгиевски како на соорганизатор на сите активности и манифестации кои им го олеснуваа животот и им го заштитуваат физичкото и менталното здравје. Ќе го паметат и по неговото заземање и катадневно ангажирање и за побогато и разновидно информирање. Беше прв главен и одговорен уредник на весникот „Пензионер плус". Целиот негов пензионерски стаж го посвети на организацијата на пензионерите на Македонија. Беше член на Извршниот одбор на Сојузот на пензионерите на Македонија до 2002 год, потоа секретар на Извршниот одбор на СЗПМ, а до крајот на март 2011 година потпретседател на Извршниот одбор и продолжувајќи во новиот мандат како член на Извршниот одбор. Сите овие одговорни работи во пензионерската асоцијација на Македонија ги вршеше со голема одговорност и самопрегор. Не го попречуваше ни болеста во извршувањето на обврските и покрај секојдневните патуваања од Куманово до Скопје и обратно. Пиетет и голема благодарност!

### Трајчо Стојанов



Во сообраќајна несреќа што се случи на 3.јуни оваа година на патниот правец Велес – Градско, животот го загуби Трајчо Стојанов, претседател на Извршниот Одбор на Здружението на старосни и семејни пензионери од Кавадарци.

На функцијата претседател, Стојанов беше избран во декември 2010 година. Во изминатиот период извршуваше и други функции во СЗПМ. Беше претседател на Надзорниот Одбор, а во периодот од 2002 до 2006 година беше член на Извршниот одбор на СЗПМ.

Стојанов, ќе остане во сеќавање како вреден, самопрегорен, и дружељубив човек кој со задоволство ги прифаќаше обврските и предизвиците во интерес на подобрување на животот и стандардот на пензионерите..

Веста за неговата трагична смрт Кавадарчани ја примија со жалење бидејќи од своите редови изгубија добар другар и колега.

### Тодор Аксентиев



На 29. мај 2011 година, на осумдесет години почина претседателот на ЗП Пробиштип Тодор – Тошо Аксентиев, познат општествен работник од Пробиштип кој по пензионирањето продолжува активно да работи како претседател на здружението на пензионери од градот. Заради организационите способности, флексибилноста и разбирањето на пензионерските потреби и проблеми, на таа функција се задржува три мандати, а смртта го затече на почетокот на четвртиот мандат.

Не штедејќи се во работата, тој направи ЗП Пробиштип да биде едно од најактивните во секој поглед.

Тодор беше и за секогаш ќе остане неповторлив пример за почит, личност со високи морални квалитети и разбирање за секого, но и како пример на семеен човек, соработник и пријател.

# 16-ти Регионални пензионерски спортски натпревари

„Солидарност – Аеродром", прв регион

## Успешни натпревари во спортска атмосфера

Во организација на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, на 27 мај, оваа година, ЗП „Солидарност–Аеродром" беше домаќин на шеснаесетите регионални пензионерски спортски игри. Натпреварите се одржаа во идеални временски услови за спортување и прекрасна спортска атмосфера во единаесет дисциплини со вкупно од 250 натпреварувачи. Во сите дисциплини: стрелаштво, шах, табла, пикадо, фрлање ѓуле, тегнење јаже, скок од место, двобој – жени и тробој – мажи, се водеа интересни борби за победа. На оваа спортска манифестација учество зедоа натпреварувачи од: ЗП „Гази Баба", ЗП „Центар", ЗП „Солидарност – Аеродром", ЗП „Кисела Вода", ЗП „Чаир и Бутел" и Здружението на воени пензионери.



На отварањето на игрите присуствуваа: претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, потпретседателот на ИО на СЗПМ, Методија Тошевски, претседателот на СЗП на град Скопје, д–р Крсте Ангеловски, помошник директор во Фондот на ПИОМ, Трајко Премчески, началникот за стопанисување со стамбен простор во Фондот на ПИОМ, Љубен Велковски, претседателот на Комисијата за спорт при СЗПМ, Здравко Петковски и претставници од општина Аеродром.



Во име на домаќин, свеченоста со пригодно обраќање ја отвори **Димитрија Богатиноски**, претседател на ИО на ЗП „Солидарност–Аеродром", нагласувајќи го значењето на овие игри.

Во името на организаторот СЗПМ, игрите ги прогласи за отворени, потпретседателот на ИО, **Методија Тошевски**, истакнувајќи дека очекува спортско и фер натпреварување и дека годинава овие манифестации се организираат по повод одбележувањето на 65 годишнината на пензионерското организирање во Македонија.

По завршување на натпреварите, на пригодна свеченост беа прогласени победниците во сите единаесет дисциплини во женска и машка конкуренција. Седум први места освоија пензионерите од ЗП „Солидарност–Аеродром", четири ЗП „Центар", по три први места освоија натпреварувачите од ЗП „Кисела Вода" и ЗП "Гази Баба", додека едно прво место освоија пензионерите од ЗП „Чаир и Бутел". Победниците се квалификуваа за учество на шеснаесетите републички спортски натпревари што ќе се одржат на 10 септември 2011 година.

**В. Пачемски**

Тафталиџе, втор регион

## Тетовчани најдобри

Во спотрскиот центар „Партизан" во Општината „Карпош", на 14 јуни Здружението на пензионери „Тафталиџе ДДД" беше домаќин на регионалните пензионерски спортски натпревари на кои учествуваа натпреварувачи од здруженијата на вториот регион: Тафталиџе, ОВР Скопје, Ѓорче Петров, Сарај, Гостивар и Тетово. Во прекрасниот амбиент, во име на домаќинот на игрите секретарот на ИО **Павле Василески** ги поздрави гостите, меѓу кои Драги Аргировски, претседател на СЗПМ, Бесник Поцеста, потпретседател на Собранието на СЗПМ, Методија Тошевски, потпретседател на ИО на СЗПМ, Душко Шурбановски, претходен претседател на СЗПМ, Андон Марковски, поранешен потпретседател на ИО на СЗПМ и други. Василевски посебно го поздрави и изрази благодарност за покровителството на игрите, за искажаното разбирање и материјалната помош, од градоначалникот на општина „Карпош", Стефче Јакимовски.



Во името на организаторот, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, говореше потпретседателот на Собранието **Бесник Поцеста,** кој го истакна значењето на игрите во јакнењето на спортско–рекреативниот живот на припадниците од третото доба, а посебно го нагласи зближувањето и дружењето на пензионерите од сите мултиетнички средини и на натпреварувачите им посака успех и многу нови познанства и дружење.




Натпреварите ги овори градоначалникот **Стефче Јакимовски,** при што им се заблагодари на пензионерите за успешната соработка, а на натпреварувачите им посака добро здравје, успеси и многу задоволства.

Спортските игри завршија во беспрекорна организација и фер плеј натпревар во дисциплините: **стрелаштво, пикадо, шах, тегнење јаже, фрлање ѓуле, трчање, скок од место, домино, табла, двобој - жени и тробој - мажи. Натпреварувачите од Тетово се најдобри со освоени осум први места, веднаш по нив се припадниците на ОВР Скопје со шест први места, потоа спортистите од Ѓорче Петров со три и од Тафталиџе и Гостивар со по едно прво место.**

**М. Димовски**

Демир Хисар, трет регион

## Прилепчани со најдобри резултати

Во организација на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, на 19. јуни 2011 година беа одржани шеснаесеттите регионални пензионерски спортски игри на југозапаниот регион на здруженијата на пензионери на Македонија. На натпреварите учествуваа пензионерите на ЗП Прилеп, Крушево, Демир Хисар и Ресен со над 100 натпреварувачи. Натпреварувањето се одржа во Демир Хисар во дворот и околината од средното училиште. При тоа беа застапени следните спортски дисциплини: стрелаштво, шах, табла, домино, пикадо, фрлање ѓуле, теглење јаже, скок од место, трчање, двобој и тробој.



На свеченото отворање гостите и учесниците ги поздрави претседателот на ЗП на Демир Хисар **Драган Ангелевски** и им посака добредојде и убаво да се чувствуваат во нивниот град. Потоа на присутните им се обрати градоначалникот на Демир Хисар **Тони Ангелевски**, кој ја нагласи добрата соработка со ЗП од Демир Хисар за решавање на некои актуелни прашања кои се однесуваат на проблемите на пензионерите .

Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** рече дека СЗПМ е пензионерска асоцијација која е невладина и непартиска организација. Овие пензионерски спортски игри, истакна тој, се одржуваат во чест на 65 години од пензионерското организирање во Македонија. Претседателот посебно нагласи дека натпреварите треба да се сватат како дружење и активно стареење цитирајќи го баронот Пјер де Кубертен:**„Важно е да се учествува, а подобриот да победи".** Тој понатаму обраќајќи им се на присутните, истакна дека преку соработката со Словенија како членка на ЕУ, се прават напори за здружување со некои асоцијации на пензионери од ЕУ. Потоа ги прогласи за отворени шеснаесеттите регионални спортси игри во овој регион.



М. Берберу

На натпреварите се постигнаа добри резултати, а пензионерите од ЗП Прилеп беа најдобри со освоени први места во осум досциплини . Победничкиот пехар го прими претседателот на ЗП Прилеп **Кирил Ѓорѓиоски** кој им се заблагодари и на домаќините и на присутните, а посебно на спортистите за постигнатиот успех.

Оваа пензионерска спортска манифестација мина во спортски дух, забава, дружење и убаво расположение.

**Љ. Наумоски**

Куманово, шести регион

## Кумановските пензионери најуспешни

Шеснаесеттите регионални спортски натпревари и игри на пензионерите претставува логично продолжение на веќе одржаните натпревари на општинските здруженија од североисточниот дел на Република Македонија. Во повеќе натпреварувачки дисциплини силите ги одмерија пензионерите спортисти од Кратово, Крива Паланка, Пробиштип, Злетово и градот домаќин. Сите општински пензионерски здруженија го пријавија учеството на своите победници и на 4 јуни 2011 година во Куманово пристигнаа да ги одмерат силите и да се пласираат за учество на 16–те државни натпревари во Струга.



ЗП „Куманово", како, домаќин, обезбеди солидни натпреварувачки услови и на оваа масовна спортска манифестација се претстави со 41 учесник. По добиените упатства, на вкупно 139–те натпреварувачи им се обрати и им посака спортска среќа **Спирко Николовски**, претседател на ЗП "Куманово", а игрите за отворени ги прогласи **Драги Аргировски**, претседател на СЗПМ. Во исклучително спортски амбиент распоредот на натпреварувачите ги соопшти **Љубица Кузмановска**, претседател на Комисијата за спорт и рекреација.



Според оценките на судиите, кои будно ги следеа натпреварите, кумановските претставници со вкупно 215 бодови се пласираа на прво место. На второ место со 121 поен се пробиштипјани и на трето кратовчани со вкупно освоени 90 бодови. Четврто место го делат Крива Паланка и Злетово со 48 бодови. Најуспешните добија дипломи и на 10 септември во Струга ќе ги бранат боите на своите здруженија.

**Т. Антиќ**


emporia
Network
12:35
Fri 20.08.2010
emporia
emporiaELEGANCE
▪ Македонско мени
▪ Екран во боја 65к
▪ Повици и смс пораки
▪ Многу големи копчиња
▪ Голем фонт на екранот
▪ Многу силен звучник
990 ден.
Со Пензионер во Доверба 24
Супер подарок за баба и дедо!
Совршен пакет за сите пензионери!
Конечно телефон и тарифа за пензионери! Новиот телефон Emporia, наменет токму за секој пензионер, нуди едноставно мени на македонски јазик, екран во боја, силен звучник и големи букви за подобра видливост. Дополнително тука е и тарифата „Пензионер“ на T-Mobile, со совршена понуда за секој пензионер, разговори за само 3, 43 денари со сите пензионери како и со најблиските 4 броја избрани во Мојот круг, и сето тоа за најниска месечна претплата од само 236 денари.
Побарајте ја Пензионер тарифата во најблиската продавница на Телеком.
Повеќе информации на www.t-mobile.mk
Сподели доживувања
T · · Mobile

ПРОЧИТАВ ЗА ВАС

# Восхитувачки поет

Кога ја зедов пред себе книгата **Прогонети од рајот,** избор од поезијата на ***академик*** **Матеја Матевски**, со намера нескромна: да растолкувам понешто од тој пев, се почувствував и самиот пред распаќе, допрва ќе треба да го најдам патот. „***Висока е таа ограда што ја проколнавме со својата непокорност/ висока е до небо и преку нашите очи/ и не можеме повеќе да го видиме она убаво дрво со плодови.... Сега одиме голи и пусти низ мракот што ќе треба/ да го оплодиме со зрна”...***

**Поетов е со ретка дарба**, со маркантен опус по опсегот на темите и мотивите, среде „***нова шума од зборови што треба да се раскрчува/ да се корне и кастри калеми и оплпдува/ за да фати приказната за првичноста на зборот”,*** запрашан*: „**ќе го најде ли патот кон светлоста што води/ кон извор водата окото да му го згрее/ кон зборот што умее вистинскиот збор да го рече/ кон окото на птицата окото што го кори...”***

Пристапот е сложен, поради **космичкиот принцип на дуализмот**, кој пак, од друга страна, има и предности. Контрастот го истакнува значењето на зборовите и го заштитува поетот од пресилен збор што може да завлече кон патетика. Кога сѐ е рамно поделено привлечно е да се поверува дека **рамнодневницата е** време на **хармонија**, на помирување меѓу светлината и мракот, меѓу благоста на зборот и омразата што како копје нишани во срцето. Но тие и тогаш стојат една спроти друга воинствено стаени. Нивното бивствување е константа од моментот кога нашите прародители загризаа во гревот ѝ беа протерани од Едемската градина, осудени вечно да се борат **со маката.** Матевски силно верува дека, сепак, човекољубието и добрината се кадарни да ги победат, злото и лагата, наспроти вистината, дури и бледата **светлина на светулката го руши мракот и темнината**.

**Кој знак е клучот** што ќе ја открие причината за личниот восхит што оваа поезија го дошепнува. Поетска приказна од ваков вид не е можно да се темели на опстојна и **продлабочена анализа**. Таа се потпира на мојата **вкупна импресија и маѓепсаност.** Ја имам возбудата, сум ја собирал кроце како лекобилје, ја чувам љубоморно, обновувана со постојаното препрочитување уште од времето на првотната објава на песните, но при обидот да ја насочам кон читателите ми се чини дека најдоброто се расточува и не се повинува на едноставен начин да биде изречено. Таквата поезија се вреднува високо, **не е херметична**, но потребен е **тој клуч** и адекватен напор да се разградува, потоа одново да се создава, **да не се изневери и симплифицира поетот**, а сепак да се раскаже и својата приказна **со свест дека кога еднаш ќе биде раскажана веќе не си нејзин стопан**.



Матевски нема опсесивна тема на која повеќекратно е сконцентриран. Или, нема тема која едноставно се дефинира. Опсегот е широк а стандардите високи. За сложените поетски потреби одбрал моќни симболи и метафори: ***дождот***, што се вести од зад прозорецот со ***див топот на непотковани коњи***, ***светулката*** со својата ***непостојана, студена светлина*** заради што **не можеш прометејско значење да ѝ припишеш**, нејзината смисла е **афирмацијата на виделината; талкања** и потрага по среќата низ туѓи, **далечни простори: Стамболи, Персии, Бесарабии...** ***без своите Ничпурци, Нистровци, Мавровци, а Река останува***, но кога ќе насетат дека ***тајум дошла по нив никогаш не се враќаат*****;** **плени грандиозноста на Кинескиот ѕид,** но зачудува поделбата на пролетта и песната на птиците кои **не се исти** од обете страни, поразува ***штироста и јаловоста на таа градба***. **О, суети! Каква незауздана желба да се покорува и повела!**

**И вечните теми** од времето со тек без дотек. Ќе испливаат од разбушавените води на реките и езерата, од **одисејата на Одисеите по моријата,** од пеколното крстарење **низ пустината**, низ морето од песок, со песок во очите, песок под непцата, **песок како знак на трошноста на светот**, **ни Троја ја нема,** ја изронало времето, сал **убавата Елена и нејзината љубов** лебдат над сонот**;** и **дрвениот коњ** од кого преживеа само **метафората за лукавството**. А **Александар** копнее по **целината;** човекот што прилега на дрво во долот, уплашен од осамата копнее по **нирвана:** „***Дождот се излева/ како жена кога се бања/ По брезата на нејзината снага/ по липата на нејзината лика/ по ружата на пубисот”***. Од возбуда или од страв **трепери трепетликата?**

Ги допрел: **митот за Икар**, кој „***се крева/ се крева/ во пресрет на својот пад/ не гледајќи во сенката”,*** **приказната за Улис**, чијашто „***мисла го претпочита/ патувањето пред целта”,*** возбуден од **песната на Орфеј**, по која „***еве уште копнее просторот”,*** се опитал во **мистичните предели на мислата...**

Портретот на **Матеја Матевски,** всушност, е содржан во неговото дело. Поет, критичар и преведувач. Тој ѝ припаѓа на средната генерација македонски автори по Војната. **Роден е на 13. март 1929 година во Истамбул**, каде што неговото семејство е на печалба. Новороденчето го забрзува враќањето во Гостивар. По ослободувањето учи гимназија во Тетово и Скопје, а студира во Белград и Скопје. Дипломира на Филозофскиот факултет. Подоцна, 1962/63 година во Париз, на Институтот за театарски студии го изучува модерниот француски театар и драма. А потоа на Факултетот за драмски уметности во Скопје, подолго време предава Историјата на светската драма и театар. Матеја Матевски е член на МАНУ и почесен потпретседател на Македонскиот ПЕН центар. Тој е еден од основачите и претседател на СВП, на Рациновите средби, на Охридското лето и Бигорските културно – научни собири.

Во литературата се огласува на почетокот од педесеттите години со првите пробиви на Модерната, која со време се етаблира во нашата поетика. Досега ги има објавено поетските книги: **Дождови,** 1956; **Рамноденица**, 1963; **Перуника,** 1976; **Круг,** 1977; **Липа***,* 1980*;* **Раѓање на трагедијата***,* 1985*;* **Оддалечување***,* 1990*;* **Црна кула***,* 1992; **Завевање***,* 1996; **Мртвица,** 1999; **Внатрешен предел**, 2000, **Отаде заборавот**, 2003, **Копнеж по целина**, 2005, **Предели покриени со вода**, 2006, **Ветрот и градот**, 2007. Објавени се и повеќе избори од неговата поезија.Таа е препејувана на најзначајните светски јазици. А самиот препеал над 50 наслови од други култури. Носител е на многубројни домашни и меѓународни признанија и одликувања. **Најново е она од насловот. Тоа е името на високата награда што деновиве му е доделена во земјата на бесмртниот Рабинтранат Тагоре, Индија. Честито!**

**Борис Шуминоски**

# Пензионер - студент



За образование никогаш не е доцна, тоа ни го потврдува примерот на пензионерката Лилјана Ѓорѓиоска од Прилеп.

Лилјана работела како продавачка во трговија се до пензионирањето.

Обврските со работата и обврските во семејството како и одгледувањето на двете деца, ќерката Фросина и синот Марко, ѝ го исполнувале животот, но желбата и надежта за продолжување на школувањето на некоја од високите школи, цело време тлеела во неа.

Во тоа време, поточно во 1998 година, започнала со активности во невладините организации, така што и денеска е претседател на Здружението за хуманитарна и социјална акција „Преродба” во Прилеп. Заедно со останатите членови таа учествувала на многу хуманитарни акции, на негување на нашата богата традиција и култура, на акции од обласа на здравството и социоекономската област и друго. Сето ова заслужува да се објасни и поопширно бидејќи заслугите на Лилјана и на здружението „Преродба” се навистина големи.

Затоа ќе наброиме неколку акции кои се од хуманитарен карактер и тоа: акцијата во Бабино Село – Демир Хисар, во Психијатриската болница во село Негорци, во Заводот за деца со посебни потреби во Демир Капија, во Дневниот центар за деца со посебни потреби во Прилеп, како и поголем број хуманитарни акции во прилепски семејства (25 на број.)

За придонесот на Лилјана Ѓорѓиоска и на здружението „Преродба” на чие чело таа се наоѓа, говорат и самостојната изложба на етно–експонати, ракотворби и слики, учеството на Етно–саемот во Пехчево, на неколку “хепенинзи”, на Бадниковата посна трпеза, одбележувањето на Василица, Велигденската трпеза и на Меѓународниот фестивал „Прочка” каде што здружението ги подготви и ги презентираше македонските традиционални јадења за гостите од странство. Исто така учествуваше и на карневали во Перник – Бугарија, во Будва – Црна Гора, во Струмица, Мокриево, Ратево...

Лилјана посебно е горда на резултатите од проектите што ги финансираше локалната самоуправа на Општина Прилеп како што се: „Продолжи ја традицијата” и „Жените за своето здравје”. Во рамките на првиот проект ова здружение се прослави по најситните и најголемиот број светиниколски сарми (80.191), со што во 2008 година влегоа во Гинисовата книга на рекорди.

Следната година за гостите на Прилеп за Св. Никола, подготвија 50 000, а во 2010 година 68 000 сарми.

Здружението „Преродба” е дел и од мултикултурната мрежа „Пет до 12” каде што таа е член на ИО. Во мрежата Лилјана работи на проектот „Интеграција на малцинските групи од југоисточен Балкан” – финансиран од Министерството за надворешни работи на Италија. Во негови рамки подготвува и презентира традиционални јадења, а пишува и кратки раскази. Вршела и мониторинг на групата за традиционални танци.

Уште многу би можеле да говориме за Лилјана и за нејзините многубројни активности, но да оставиме простор да ви раскажеме за нејзиното запишување на факултет што е и основниот мотив на написов.

Ќерката и синот завршиле средни училишта и не сакале да студираат.

Тогаш таа им рекла дека сака да се запише на факултет и дека сигурно ќе го заврши. Оваа нејзина изјава кај синот Марко предизвикала одушевување. Тој и рекол каков подарок ќе и купи за дипломирањето, а таа му возвратила со тоа дека има желба и тој да го продолжи школувањето. И така по овој разговор Лилјана продолжила уште повеќе да размислува за факултетско образование. По сознанието дека во рамките на Факултетот за земјоделски науки има дисперзирана насока за производство и за преработка на тутун, продолжила да ги следи конкурсите и се запишала на вториот уписен рок како редовен студент. Денес е пензионер–студент на кого студирањето добро му оди. Колегите добро ја прифатиле, така што од нив има голема помош и соработка.

Кога синот Марко ја видел упорноста на неговата мајка, сериозноста во совладувањето на материјата, кога ја добила првата 9–ка во индексот, тогаш и тој решил да го продолжи школувањето. „Сега добив уште поголем мотив да учам, – ја завршува приказната за себе Лилјана, – па се надевам дека и ќерката Фросина ќе го продолжи образованието, бидејќи зборува три светски јазици па греота би било да не продолжи”.

Ја замоливме на крајот за порака до читателите на „Пензионер плус“, иако сето досега кажано е доволен мотив за многумина. Еве што ни рече:

– Никогаш не е доцна да се продолжи со она што навистина се сака, како јас со факултетот, бидејќи иднината е пред вас. Следете го мојот пример кој кажува дека и покрај сите обврски како мајка, сопруга, активно работам во невладиниот сектор и еве најдов време да си ја исполнам желбата од младоста. Пред себе гледам многу години активна работа. Годините малку значат доколку вашата желба е поголема од нив. Земете го сето она што е добро за вас и не дозволувајте тоа незабележано да помине покрај вас.

Следете ме и вие го можете тоа.

**Цветанка Илиева**

# Радосна средба

Генерацијата матуранти 1957/58 година од гимназијата „Јосип Броз” се собра и ја прослави 50 годишницата од матурирањето, полнолетството и зачекорувањето во светот на возрасните што широко ни се отвораше пред нас, свет на нови предизвици, видици и надежи.

Се собравме првин напладне, пред споменикот на Мајка Тереза. На собирот дојде и класната раководителка, професорката по француски јазик Рада Поленак.



Денот убав, мајски, и сите кои дојдовме ја носевме насмевката и на лицата и во срцата, исправени пред изминатите 50 години, а времето минато сепак се гледаше на косите, во очите, во растреперените гласови...

Истиот ден вечерта се собравме во ресторанот „14–ка”, а на задоволство на сите со нас беше нашиот професор по македонски јазик и литература, Најчевски.

Бевме 60–тина од некогашните пет класа. Животот не гонел на секаде. Некои не дојдоа затоа што не живеат во Македонија, а некои за жал не се веќе меѓу живите. Во ресторанот секој сакаше да се види со секого, да се ракува, да се прегрне, да поразговара за се што носи животот, сега сите пензионери, во третото доба, секој во свое катче, но во близина на помладите.

Со носталгија ги отслушавме песните од нашето време, ја отпеавме и „Деј гиди, луди, млади години” и си наздравивме за времето што сѐ уште е пред нас, за можните идни средби, за исполнет живот и здравје.

**Таска Гавровска**

# Двете силни генерации

Во 1961 година во Учителската школа „Никола Карев” завршија две генерации учители. Тоа беше генерацијата запишана на1956/57 година кои со завршување на четвртa година 1960 отидоа на работа во училиштата низ Македонија. Втората генерација запишана 1957/58 година заврши во 1960/61 четврта година. Во летото 1961 година двете генерации интензивно ја учеа петата година од Учителската школа.

По положената матура во септеври 1961 година , од први октоври заминаа на работа двете генерации учители. Тоа беа над 350 нови учители подготвени од нивните извонредни професори. Првата средба на овие две генерации беше во 1976 година, 15 години од матурирањето, кога се собраа околу 300, во преубавиот ресторан во рекреативниот центар Сарај. Со зборови не се опишуваше радоста, среќата и солзите од таа средба. Тогаш веќе сеејни луѓе, а многумина од нив го продолжиле школувањето и станале професори, магистри, доктори на науки. Од тогаш се среќаваат секои пет години.

Оваа година славиме 50 години од матурирањето. Средбата се очекува со радост и нетрпение. Се надеваме на



5. октоври, на средбата во гимназијата „Никола Карев” дека ќе се сретнат сите кои можат и сакаат да се видат и да се потсетат на младоста и на убавите средношколски денови кога пеевме и се смеевме, но и интензивно и напорно учевме.

Контакт телефони: 031 411 417, 02 30 82 140, 02 32 20 819.

**Благородна Тодоровска - Никодиновска**

Радован П. Цветковски

# Плодни пензионерски денови

Пензионерските денови, или како милуваат некои да кажат “третото доба”, е релативна временска дистанца со оглед на активноста на човекот.

Имено, созревањето, особено кај уметниците, најповеќе е изразено токму во годините кога и се пензионираат. Ова особено се однесува на писателската фела, ако се знае дека најмудрите мисли доаѓаат со годините. На задоволство на читателите, нашиот весник има можност да ги презентира писателите, кои покрај насобраните години сѐ уште успешно творат. Еден од нив е и битолчанецот, **Радован П. Цветковски** кој е роден на 3 септември 1931 година. Тој е поет, раскажувач, литературен критичар, писател за деца и млади и фолклорист. Припаѓа на Битолскиот книжевен круг. Член е на Друштвото на писатели на Македонија, на Македонското научно друштво во Битола и на Друштвото на фолклористите на Македонија.

Досега има објавено: Десетина поетски збирки, две прозни дела, две книги со критики и студии, три романи за деца, две книги од фолклористиката, а од јазичните истражувања ќе ги издвоиме „Студија за демирхисарскиот говор”, и капиталното негово дело „Речникот на демирхисарскиот говор.” За својот труд во времето изминато на сцената на македонската книжевност, има добивано повеќе награди.

И тоа не е сѐ Неуморниот писател работи на собирање и издавање на две книги критички осврти. Тоа се собрани критики за дела за кои тој пишувал, и критики кои се однесуваат на неговото книжевно дело.



**СТАРОСТ**

Чинам
како да стојам на мост
наднесен над река –
отаму пролет,
одваму есен,
јас меѓу нив распнат на крст.

Сонцето преку планини...
Застудува и есента носи слана.
Господи, колку бргу
брегот на реката побелува.

**Д. Тодоровски**


Брзо и долготрајно ја отстранува болката.
БОЛКА
ПОВИКУВА
ОТКАЖИ
0:15
Налгесин® С
Naproxenum
филм таблети 275 mg
за брзо отстранување на болка
10 таблети
KRKA
Брзо решение
За главоболка, забоболка, менструална болка, болка во зглобовите и мускулите.
www.krka.si
KRKA
Нашата иновативност и знаење создаваат ефикасни и сигурни производи со највисок квалитет.

ТВ Сонце
Интервју со Драги Аргировски, претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

# Мандат за нови предизвици

Армијата пензионери во Македонија се зголемува побрзо од бројот на вработените. Овој негативен општествен процес е незапирлив, но не само кај нас, поради објективното стареење на нацијата, пред сè. За социјалните прилики во пензионерскиот свет, за желбите на политичките лидери да се приближат поблизу до ова армија на гласачи, во ова интервју разговаравме со Драги Аргировски, претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија .



**● Што значи да се има мандат од членство што брои близу 230.000?**

– Многу значи. Прво, во Република Македонија живеат околу 330.000 стари лица, од кои 278.000 пензионери, а од нив се 152.000 старосни, 75.000 семејни и 46.000 инвалидски. Во СЗПМ членуваат околу 230.000 старосни и семејни пензионери. Инвалидските пензионери се поделени на четири дела и имаат три сојузи, но некои од нив се кај нас, така што, сепак, ние сме најголема и најактивна пензионерска асоцијација во Македонија, а истовремено сме најголема, најбројна и најактивна невладина, непартиска и меѓуетничка организација во нашата држава. Исто така, како што е познато, во неа членуваат од академици до работници, луѓе кои во минатото давале сè од себе за да изградат нешто во нашата земја, оставиле белег во државата, па затоа заслужуваат да имаат мирен и достоинствен живот во третото животно доба, како што, обично се вели.

**● Во претходниот мандат две години бевте секретар на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, а сега сте претседател. Кога дојдовте на функцијата претседател, во каква социјална положба го затекнавте членството?**

– Таа положба, говорејќи искрено, е многу проблематична, затоа што во изминатите 20 години од транзицијата најмногу погодени во неа беа пензионерите, невработените и стечајците. Како илустрација на таа констатација, морам да кажам, за да се сфати сериозно, дека во 1992 година соодносот меѓу просекот на пензијата и просекот на личниот доход беше 77отсто од личниот доход, а сега, во ова време, е само 49,5 отсто, што значи дека стандардот на пензионерите опаднал за цели 27 отсто. Освен тоа, пензионерите го изгубија надоместот за годишен одмор К–15, бесплатното лекување, бесплатни лекови за лица над 65 години, а ги имаа сите тие права.

На таа тема најилустративен податок е дека, еве изминаа цели 40 години, а не е изграден ниту еден нов дом од јавен карактер за пензионерите во Македонија. Последниот е изграден во 1972 година во населбата Аеродром во Скопје. Сите мои анализи покажуваат дека пензионерите се, навистина, најпогодената категорија на граѓани, уште повеќе поради тоа што за нив, за нивниот живот, за нивната пензија, се заинтересирани најмалку милион луѓе, бидејќи тие близу 280.000 пензионери хранат или поддржуваат уште две – три генерации.

Плус тоа, доколку државата води сметка за нив како што треба, ако им се овозможи доволно да се ангажираат, сите проблеми многу полесно ќе се решаваат. Пензионерите навистина треба да се третираат како потребна и корисна популација.

**● Во рамките на тоа ангажирање, подготвивте предлог да се востанови државна социјална пензија. Што поконкретно значи тоа?**

– Од нашите истражувања за социјалната положба на пензионерите во Македонија, произлегоа резултати што укажаа дека меѓу тоа 278.000 пензионери, најголем број, над 27 отсто, имаат минимална пензија од само 6.064 денари! Тоа е многу мала пензија. Натаму, околу 45 до 50.000 стари луѓе во Македонија никој не знае како и од што живеат, не се пензионери , некои добиваат мала социјална помош, повеќето се осамени и. т.н. Многумина од нив, што е уште потрагично, работеле не повеќе од 14 години, со што не го фаќаат цензусот од минимум 15 години стаж за да остварат право на пензија кога ќе навршат 64 години возраст. Остaвени се сами и без средства за живот, а заслужуваат да бидат згрижени од општеството.

**● Проектот социјална пензија подразбира дека мора да помине собраниска процедура за да стане законско решение, но од кои средства би се исплатувале тие социјални пензии?**

– И за тоа имаме предлог–решение: државната социјална пензија би опфатила околу 30.000 луѓе кои немаат други приходи и затоа државата треба да ги обезбеди со минимум социјална сигурност. Ако остaнат незгрижени од општеството, тие осамени луѓе, бидејќи не се организирани, не се членови во нашата организација, не можат да ги користат бенефициите од пензионерскиот статус. Решение е фондовите за исплата на социјалната помош да се пренасочат во исплата на државни социјални пензии и со тоа овој проблем полесно и подостоинствено би се решил.

Инаку, ова го има во другите држави и ние тоа не сме го измислиле случајно, но за тоа треба да се седне, да се направат потребни анализи, а пред се треба да се направи точна евиденција на бројот на тие околу 50.000 стари луѓе што се надвор од Сојузот на здруженијата на пензионерите, од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и да се види во каква состојба се тие стари лица. Но, тоа треба државата да го направи, со соодветни програми за надминување на оваа состојба.

**● Во изборните програми на политичките партии, во тукушто завршената изборна кампања, прашањето на социјалната пензија беше вметнато како нивен приоритет. Дали е тоа резултат на вашите залагања како СЗПМ или политичарите почнаа да ги препознаваат неопходните потреби на граѓаните?**

– Во текот на изборната кампања на тукушто завршените предвремени парламентарни избори и двете големи политички опции во Македонија настојуваа да остварат контакт со нас, што беше и реализирано. Ги ислушаа нашите согледувања и барања и, ете, како што добро забележавте, дадоа ветувања. Нашите очекувања се дека тие ветувања ќе се остварат.

**● Актуелната влада, која повторно доби мнозинство гласови, спроведе некои социјални мерки. На пример, пензиите во последниве три години се зголемени за речиси 34 отсто, дел од пензионерите се праќаат на бањска рекреација, во вторник и петок пензионерите се возат бесплатно во автобусите на ЈСП во Скопје, бесплатен превоз за пензионерите има и во некои други градови во Македонија. Како ги оценувате како Сојуз тие мерки на Владата: како суштински или како козметичко додворување на пензионерите?**

– На мислење сум дека, во тоа време кога почна да се прави таа стратегија за зголемување на пензиите, не беше од козметичка гледна точка туку Владата имаше сознание дека навистина треба да им се помогне на пензионерите поради тоа што нивниот стандард беше многу паднат и тоа беше решено со измените и дополнувањата на Законот за пензиско–инвалидско осигурување.

Има две работи што мора да се кажат. Зголемувањето на пензиите се одвива само со нивното усогласување, а тоа се прави шестмесечно со усогласување 50 отсто од зголемениот просек на платите и 50 отсто од просекот на животните трошоци. Таа методологија не е соодветна затоа што овозможува многу малку зголемување. Еве пример: последното усогласување на пензиите изнесува само 0,75 отсто. Тоа не го решава проблемот што транзицијата го остави како негативна последица. Затоа Владата има законска можност да интервенира од буџетски средства за зголемување на пензиите. Таа може да интервенира селективно, на помалите пензии да им се додели поголем процент за зголемување, а на поголемите пензии помал процент. Тоа се направи во 2008 година. Тогаш немавме економска криза и пензионерскиот стандард малку се подигна, но потоа настапи кризата, така што таа владина мерка не продолжи и не ги даде очекуваните резултати. Затоа ние инсистираме да се продолжи со таква динамика на усогласување на пензиите за да може за две–три години просечната пензија да изнесува 60% од просечната плата, никако помалку, затоа што, според критериумите на Европската унија, сè она што е под ова ниво води кон сиромаштија.

**● Идната година Европската Унија ја прогласи за „Година на грижа за лицата од третото доба". Како СЗПМ ќе се вклучи во оваа европска акција?**

– На 29 април годинава, во седиштето на ЕУ во Брисел, беше донесена одлука за прогласување на 2012 година за „Година на активно стареење и година на меѓугенерациска соработка и солидарност за старите лица". Тоа значи дека цела Европа ќе биде секојдневно окупирана со проблемите на активното стареење и изнаоѓање излезни решенија за постојните и новите проблеми што ќе се јават на овој план. А, новите проблеми се многу поголеми отколку што изгледаат од денешна перспектива. Еве, на пример, во 1992 година, во Македонија шестмина вработени издржуваа еден пензионер, а веќе минатата година статистичкиот податок беше дека 1,6 вработени издржуваат еден пензионер. Не е далеку денот кога тој соодност ќе биде 1:1!

**● Дали имате анализа како во такви услови ќе функционира пензискиот систем?**

– Овој проблем е поизразен во нашето поблиско и подалечно опкружување. Секоја држава вложува напори да изнајде содветни решенија. Некои размислувања одат кон зголемување на годините за одење во пензија, но тоа отвора друг проблем, затворена можност за поголемо вработување на младата генерација. Според мене, излезното решение треба да се бара во ова второто. Создавајќи нови матријални вредности, младите го решаваат своето егзистенцијално прашање, но со тоа, истовремено, создаваат поголеми фондови за згрижување на старите лица, со што ја потврдуваат таа меѓугенерациска солидарност и на старите лица ќе им овозможат да не се чувствуваат осамени, напуштени, депримирани...

**Разговорот го водеше**
**Милан Аџиески**

## Пензионерите - политички субјект?

**Изборите завршија како што завршија, пензионерите пак останаа без свои претставници во законодавниот дом. Дали планирате ваквата ситуација да се промени за, еден ден, пензионерите да имаат и свој претставник дури и во Владата на РМ?**

Високи претставници на големите политички партии во Македонија остварија контакти со нас, но не дадоа понуди наши претставници да се најдат на повисоките позиции на нивните кандидатски листи. Тоа е така затоа што ние не сме политички субјект. Познато е дека во Македонија делува Партија на пензионери, но тоа е група маргинални личности кои ја немаат нашата поддршка. Ние сериозно размислуваме, по примерот на Словенија, Хрватска и Србија, за формирање јак пензионерски политички субјект на македонската политичка сцена, но тоа е малку подолготраен процес кој бара опсежни подготовки, темелни анализи и – време. Сметам дека за три до четири години ќе имаме што да кажеме и на тој план.

## Референдум во Словенија

На 5. Јуну 1.7 милиони Словенци со право на глас, излегоа на референдум за три прашања. Првото прашање се однесуваше за документите за лустрација, второто референдумско прашање за законот за попречување на сивата економија и третото за предложените реформи за пензискиот систем. Но, да тргнеме по ред.

Првото прашање во Словенија и за Словенците не побуди такви реакции како кај нас.

Второто рефердумско прашање беше интерено бидејќи со законот за спречување на сивата економија нема да може ниту комшијата, роднината или пријателот да ти дојде на помош ако на пример ти се заклучила вратата за да ја отклучи или имаш поплава во бањата. И таквата помош е казнива според новиот предлог – закон, за кој Владата на Словенија тврди дека е во согласност со Европските стандарди. Би било страшно ваков закон да се донесе и кај нас. Што би правеле и како ќе преживеат оние со ниски примања по секој основ?! Вакво мислење имаат и многумина жители на Словенија иако нивниот стандард е многу повисок од нашиот.

Третото референдумско прашање беше најинтересно, а се однесуваше на реформи во пензискиот систем. Суштината на предложените реформи е многу едноставна, односно се подига старосната граница за добивање на пензија на 65 години за мажи и жени, од 60 години старосна граница за мажи и 43 години стаж и 58 години старост и 41 година работен стаж за жани. Исто така, со предложениот закон се заоструваат условите за пресметка на пензија, а се намалува процентот за покачувањето на пензиите во зависност од растот на платите. Причини за овие драстични заострувања беа повеќе демографски, но и финансиски и економски.

Демографските факти се многу значајни. На почетокот на годинава просечната старост на населението во Словенија е висока. Притоа, младата генерација под 19 години изнесува 19.2 проценти, додека 16.5 проценти од населението се постари од 65 години! Проекциите покажуваат дека во 2030 додина во Словенија ќе има млади под 19 години 17.5 %, а постари од 65 години 25.3 %, што значи дека Словенија старее. Овие демографски тенденции ќе се рефлектираат на зголемување на бројот на пензионерите, кој сега во Словенија изнесува 552 561 пензионер, а вкупниот број на жители изнесува нешто малку над 2 милиони. Односот пензионер: вработен е 1:1.6, а кај нас е 1:1.3. Вработени во моментов во Словенија има 900 илјади граѓани. За да ја пополни дупката во пензискиот фонд Владата на Словенија издвојува 1.4 милијарди евра годишно! Економските предвидувања се дека во 2021 година, ако не се направат потребните реформи, Владата нема да може да ги исполнува обврските кон пензискиот фонд, односно, за да ги исполни овие обрски , финансиското задолжување би било над 60% од БДП. Со предложениот закон за реформи во пензискиот систем, Владата на Словенија смета дека ќе го реши овој проблем. Интерсно е и тоа дека Сојузот на пензионерите ја поддржува предложената реформа, но Партијата на пензионерите во Словенија излезе од коалицијата на власт, токму заради предложените реформи. Против реформите во пензискиот систем се и шесте синдикати во Словенија, кои се и покренувачи на референдумот.

На референдумот граѓаните се изјаснија против реформи на пензискиот систем, против законот за работа на црно и и против отворањето на тајните архивски материјали. Пензиските реформи биле отфрлени со 72,2 отсто од гласовите, законот за борба против работата на црно со 75,5 проценти, а законот за отворање на архивски материјали на разузнавачката служба со 71 проценти

Зголемувањето на старосната граница за заминување во пензија на 65 години за мажи и за жени можеше да заштеди милијарда евра од буџетот. Сега, социјалдемократите размислуваат за остри мерки за штедење, кои предвидуваат пет процентно намалување на платите на државните службеници, а со цел да се одржи кредитната способност на земјата и да се спречи присилно штедење, кое ЕУ го бара од Словенија.

Како што е познато, Словенија до меѓународната финансиска криза важеше за земја без стопански проблеми, а во 2007 година како прва нова земја–членка на ЕУ го воведе еврото. Сепак, во изминатите три години државниот долг на Словенија се зголеми од 22,5 на 43,3 проценти од бруто домашниот производ (БДП). Поради финансиските проблеми процентот на невработеност е речиси двојно зголемен.

Лидерот на опозицијата Јанез Јанша побарал предвремени избори поради неуспешниот референдум.

**Подготвила К.С. Андонова**

# Не се откажувајте од кафе

Многу луѓе едноставно не можат да се замислат својот ден без барем едно кафе. Други пак го избегнуваат плашејќи се од неговите негативни влијанија врз здравјето. До некаде и едните и другите се во право. Најновите истражувања велат дека и покрај негативниот публицитет кој кафето често го добива тоа има голем број на позитивни ефекти на здравјето. Според нив, утринското кафе, прави многу повеќе отколку што ве расонува – тоа може да ви го спаси и животот. Истражувањата покажале дека кафето може да го намали ризикот од мозочен удар, луѓето кои пијат повеќе од една шолја кафе дневно всушност го штитат своето здравје. Поточно, тие со кафето го намалуваат ризикот од мозочен удар и тоа за 25%, што воопшто не е за потценување. Оваа студија секако претставува голем предизвик за експертите, со оглед на фактот дека бројни други истражувања покажаа дека кафето е лошо за нашето здравје и дека тоа предизвикува низа неповолни здравствени состојби. Научниците кои работеле на истражувањето напомнуваат дека деталите треба допрва да се докажат, но тие воопшто не се сомневаат во позитивните ефекти на кафето.

– Кафето е едно од најчестите пијалаци кои ги консумираат луѓето ширум светот. Ако кафето навистина предизвикува барем минимални позитивни ефекти на човечкиот организам, тогаш тоа е голем успех, – нагласува Сузан Ларсон од Националниот институт Каролинска во Стокхолм.

Иако е прерано за да се препорача кафето како здрав пијалак, откритијата сепак би требало малку да ги опуштат луѓето кои се загрижени поради тоа што пијат многу кафе.

Секако, на овие резултати реагираа некои други научници, главно британските, кои сметаат дека тврдењата на д–р Ларсон се многу опасни, бидејќи тие не се докажани и поради тоа ги предупредуваат луѓето да не претеруваат со кафето.

Инаку во последните неколку децении биле извршени над 18.000 студии за влијанието на на кафето врз човечкото здравје, а еве само пет поради кои и понатаму би требало да го консумирате:

1. Го штити срцето

Луѓето кои пијат кафе во умерени количини (1 до 3 шолји дневно) имаат помал ризик од срцеви заболувања споредено со оние кои воопшто не пијат кафе, заради ефектот на антиоксидансите во кафето. Кафето има повеќе антиоксиданси од порција боровинки! Сите тие антиоксиданти помогнат во намалувањето на штетните ефекти и на воспалениeто на артериите. Веднаш по пиењето кафето се зголемува крвниот притисок и пулсот, но на долгорочен план тоа може да го намали крвниот притисок бидејќи антиоксидансите ја активираат азотната киселина која ги проширува крвните садови.

2. Штити од дијабетес

Истите тие антиоксиданси имаат уште една улога: засилување на осетливоста на клетките на инсулин, што помага во регулација на нивото на шеќер во крвта. Всушност, според некои студии, луѓето кои пијат 4 или повеќе шолји кафе секој ден имаат помал ризик од добивање дијабетес тип 2.

3. Црниот дроб го обожава

Истражувањето на оваа тема е малку ограничено, но можно е со пиењето повеќе кафе да се намалува појавата на цироза и други болести на црниот дроб. Една анализа на девет студии покажала дека со секои дополнителни две шолји кафе дневно се намалува ризикот за рак на црниот дроб за 43 %. Антиоксидансите и кофеинот би можеле да спречат воспаление на црниот дроб и да го спречат создавањето на канцерогени клетки.

4. Ги зголемува менталните способности

Според некои студии пиењето помеѓу 1 и 5 шолји дневно би можело да го намали ризикот за појава на Алцхајмерова и Паркинсонова болест. Антиоксидансите би можеле и да го спречат оштетувањето на мозочните клетки и да им помогнат на неуротрансмитерите поврзани со когнитивните функции да функционираат подобро.

5. Помага при главоболки

Студиите покажуваат дека 200 милиграми кофеин помага во намалувањето на ефектите на главоболките. Се уште не е јасно зошто кофеинот го има овој ефект. Но научниците знаат дека кофеинот ја поттикнува активноста на мозочните клетки, што ги тера околните крвни садови да се стеснат. Една теорија вели дека ова стеснување помага во намалувањето на притисокот кој ја предизвикува болката.

Истражувања дека најубав е мујабетот со кафе нема, ама точно е!

**М.Дамјаноска**

# Водич за правата на здравствените осигуреници (8)

*Издаден од Организација на потрошувачи на Македонија потпомогнато од Германското министерство за економска соработка и развој*

Од предвиденото учество во висина од 40% од утврдената цена на протезите, ортопедските и други помагала и санитетски средства, изработени од стандарден материјал се ослободени:

- Децата до 18 годишна возраст и осигурените лица што имаат потреба од:
- протези за долни и горни екстремитети;
- слушни протези;
- ортооптички помагала;
- инвалидски колички;
- помагала за функција на физиолошки празнења.

**Права на парични надоместоци**

Осигуреното лице остварува право на парични надоместоци во следните случаи:

1. право на надоместок на плати за време на боледување поради болест или повреда и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство;
2. право на надоместок на патни трошоци.

***1. Право на надоместок на плата***

Право на надоместок на плата за време на боледување поради болест или повреда, осигуреното лице може да оствари во следните случаи:

- болест и повреда надвор од работа;
- повреда на работа и професионална болест;
- лекување и медицинско испитувањеа
- негување на болно дете до тригодишна возраст;
- негување на болен член на потесното семејство над тригодишна возраст, но најмногу до 30 дена;
- неопходно придружување на болно лице упатено на преглед или лекување надвор од местото на живеење;
- неоходно придружување на болно дете до тригодишна возраст додека е на болничко лекување, но најмногу до 30 дена;
- доброволно давање крв, ткиво или орган;
- изолираност заради спречување на зараза.

Право на надоместок на плата остваруваат само осигурениците што се во работен однос и кои за својата работа остваруваат плата. Право на надоместок на плата за време на спреченост за работа поради бременост, раѓање и мајчинство им припаѓа на осигурениците што се во работен однос и лица што вршат самостојна дејност, односно лицата што со своја работа остваруваат плата. Осигурениците можат да остварат право на надоместок на плата ако ги исполнуваат следните услови:

- придонесот за задолжителното здравствено осигурување редовно да е уплатуван или со задоцнување од најмногу 60 дена;
- боледувањето да го дал избраниот лекар, односно лекарска комисија.

**продолжува**

# Ешерихија коли

Ешерихија коли е бактерија која има неколку видови и неколку подвидови. Една од тие видови живее во долниот дел на стомакот на топлокрвните животни, кај птиците и кај луѓето. Повеќето видови од оваа бактерија се безопасни, па дури се и полезни, бидејќи тие го произведуваат витаминот К и го штитат желудникот од други отровни бактерии кои можат да се најдат во него. Но, факт е дека неколку видови од оваа бактерија се штетни дури и опасни и можат да бидат смртоносни. Такви се O157:Х7, или O111:Б4 (неодамна најдена во целите полиња засадени со спанаќ во Америка, како и 0104:Н 4 која во моментов сее страв низ Европа). Стравот, за жал, е и резултат и на големото незнаење кај луѓето кога е во прашање оваа бактерија.

Сите видови на Ешерихија коли се специфични за околината во која се развиле и можат лесно да се утврдат во лабораторија, но некои можат да се променат со мутација и тоа по природен или со вештачки лабораториски начин. Кога мутираат по природен пат главно завршуваат со пролив и исчезнуваат набрзо сами од себе. Колку имунитетот на човекот е појак, толку тоа ќе се случи побрзо.

Бактеријата Ешерихија коли ја има во организмот секогаш, а присутна е и во изметот на човекот. Проблемите се јавуваат кога од некоја причина нејзиниот број енормно ќе се зголеми. Бактериите Ешерихија коли посебно се опасни за старите луѓе и за децата. Кај едните во прашање е ослабнатиот имунитет заради годините, а кај другите бидејќи тие се во фаза на создавање и зајакнување на истиот. Но, кои да се и какви да се кога ги има многу и во одредени околности, бактериите Ешерихија коли можат да предизвикаат инфекции на уринарниот и на дигестивниот тракт, а во некои случаи и менингитис. Во ретки случаи можат да предизвикаат и други болести, како што се пнеумонијата, но и септичните заболувања на бубрезите.

Бактеријата која сѐ уште ги полни болниците и на докторите им задава маки, е супервирулентниот вид 0104:Х4 на Ешерихија коли, која е мутирана бактерија. Се поставува прашањето како е можно мутираната опасна бактерија Ешерихија коли волшебно преку ноќ да стане отпорна на осум различни антибиотици и уште да заврши во храната.

Мајк Адамс, уредник на порталот за здрав живот натуралнењс.цом, во својот текст дава одговор токму на тоа прашање. Иако на прв поглед звучи како една теорија на заговор, аргументите на Адамс се логични и застрашувачки.

Бактеријата која предизвика епидемија во Европа, германските научници ја идентификуваа како ЕХЕЦ која припаѓа на вирулентниот вид 0104:Х4, а Адамс тврди дека бактерии од видот 0104 речиси никогаш не се отпорни на антибиотици, барем не во нормални околности. Бактериолозите се сложуваат дека за да можат бактериите да ја постигнат оваа отпорност потребно е повеќекратно да се изложуваат на антибиотици за да се поттикне мутација која конечно ќе ги направи суперотпорни. Со реверзибилен инженеринг на генетскиот код на овој вид Ешерихија коли, германските научници откриле дека таа не само што е отпорна на осум видови антибиотици кои се користат во болниците, туку има и способност да произведе посебни ензими кои и даваат одредени својства кои можат да се наречат "супермоќни". Покрај тоа, овој вид Ешерихија коли содржи и два гена, ТЕМ–1 и СТХ–М –15, кои веќе долго време ги загрижуваат лекарите, бидејќи се толку многу опасни што кај многу луѓе заразени со бактеријата која носи такви гени, доаѓа до прекин на работата на виталните органи, особено на бубрезите, а предизвикува и смрт.

И така се доаѓа до следното прашање: дали овој вид Ешерихија коли настанал по пат на биоинженеринг или ако не е така, како во природни околности настанал бактериски вид кој е отпорен на десетина антибиотици, кој има развиен „суперензим" и кој содржи две смртоносни генски мутации? Според Адамс постои само еден единствен начин, а тоа е зачестено и контролирано изложување на бактеријата на тие антибиотици. Тоа е долг и комплициран процес на создавање генски најиздржливи видови на бактеријата. (Сличен процес на генетска селекција се користи во развојот на биолошкото оружје во американските лаборатории.) Адамс смета дека практично е невозможно таков процес да се одвива сам од себе во природни услови. Со оглед на тоа дека зеленчукот не содржи антибиотици, малку е веројатно дека бактеријата отпорноста ја добила кај зеленчукот. Единствен логичен заклучок е дека таа најверојатно е создадена во лабораторија. Адамсовата теорија сугерира дека овој опасен вид е „пуштен" во веројатно храна со многу специфична цел, а тоа е контрола на светскиот пазар на храната.

Значи, свежата храна е заразена со создадената Ешерихија коли за да се предизвика паника и страв и да не се консумира зеленчук, а со цел да се изврши контрола над светското снабдување со храна. Адамс смета дека не е занемарливо што ова се случува во момент кога ЕУ забрани употреба на лековити растенија и природни суплементи во медицината. Според него, консумацијата на свежи и природни производи го развива имунолошкиот систем и го штити од болести, за разлика од ГМО (генетски модифицирани организми) односно храна која предизвикува одредени проблеми кои бараат постојана медицинска помош и зависност од лекови кои им носат огромни профити на фармацевтските гиганти. Адамс смета дека не е случајно што шпанскиот зеленчук прв беше обвинет, бидејќи Шпанија не сакаше да воведе ГМО во својот аграрен систем.

По низа истражувања вината од Шпанија беше симната, а Германија објави дека заразата потекнува од една фарма за производство на зеленчукови никулци, посебно никулци на грав и соја и тоа во Германија, но Шпанија претрпе огромни штети, како и некои други земји, па и нашата.

Така се доаѓа до третото прашање: ако пак е точна теоријата дека овој вид Ешерихија коли е произведен со биоинженеринг, тогаш кој е нарачателот и како бактеријата дошла на оваа фарма која наводно не користи адитиви и вештачко ѓубре?! Адамс како први ги обвинува големите фармацевтски компании. Тој смета дека најреална можност е дека тие стојат зад сето ова, а мотивот се разбира е профит.

Адамс на крајот заклучува дека смртните случаи кои ги предизвика мутираната Ешерихија коли можат да се избегнат, а тие се главно последица на невнимание и незнаење. За да се спречи епидемијата потребна е едукација на населението во сите генерациски нивоа. Како прво е подигање на степенот на хигиена на индивидуално и на општо ниво: миење на рацете и на храната која се консумира свежа, до хигиенски третмани на колективните установи како што се болници, училишта, градинки, старски домови и друго.

Како второ земање лекови кои можат да бидат пропишани од лекар, најчесто некои антибиотици, но и користење алтернативни лекови во вид на чаеви, сирупи и капки.

Инаку, како што е познато, кога ќе се утврди постоење на бактеријата со одредени анализи и тестови, најчесто се зема увин чај. Тој нема да дејствува ако киселоста на урината е помала од pH7, што значи дека чајот нема да дејствува ако урината е кисела. Киселоста не ја прават киселите продукти како што е оцет, лимони, портокали, киви, газирани сокови и витамин С, бидејќи нив желудникот ги претвора во алкални, но сепак не треба да се претерува со нивно консумирање. Исто така, добро е да се земе лажичка сода бикарбона 10 до 15 минути пред пиење на увиниот чај. Според некои истражувања не треба да се користат намирници и лекови кои содржат железо како што е чоколадото, какаото, кајсијата, спанаќот и друго, бидејќи се утврдило дека бактериите се хранат и се развиваат во негово присуство. И уште нешто кога сме кај увиниот чај. Чајот не треба да се зема подолго од една недела и повеќе од 5 пати во годината. Деца, бремени жени и доилки не треба да пијат увин чај. Но, треба да се внимава и на концентрацијата на чајот. Големи дози можат да предизвикаат деконцентрација, повраќање, недостаток на воздух и несвестица, а постојат шанси и за оштетување на црниот дроб.

Во последно време и брусницата се препорачува како чудотворен лек, посебно за уринарни инфекции во кои спаѓа и бактеријата Ешерихија коли. Во сето ова има и маркетинг. Еве што е точно: сокот од плодот на брусницата спречува бактеријата да се таложи на ѕидовите на мочниот меур и на уретрите со што се смалува можноста за појака инфекција. Меѓутоа, земањето големи количини од овој сок или таблетки од брусница може да предизвика создавање камен во бубрезите и во мочниот меур.

Интересен и многу лековит, а помалку познат по своите лековити својства е чајот од пиреј или пир со латинско име Rhizoma graminis. Пирејот не е скап како брусницата, го има секаде, а покрај таа што ја лечи инфекцијата, го прочистува и организмот, вели доктор Енес Хасанагиќ, познат лекар и травар. Пробајте!

И на крајот како заклучок: епидемијата или заразувањето со бактеријата Ешерихија коли не треба да предизвикува паника и страв бидејќи постои начин да се спречи и да се лечи!

Тоа што треба да предизвика страв е фактот дека оваа епидемија може да биде показател дека светот влегува и е на прагот на нова ера во која биовојната е реалност. Епидемијата која во моментов ја тресе Европа е војна со која контролата над светската популација ќе се спроведува низ понуда и низ побарувачка на храна и на лекови!

**подготвила: К.С. Андонова**

# Музиката како лек

Истражувачите на универзитетот во Шкотска со помош на звучниот инженеринг и психологијата го проучуваа влијанието на музиката врз расположението. Тие работат на откривање начин на кој терапијата со музика би можела да се прилагодува според пациентите во лечењето на одредени болести, како што е депресијата.

Предводникот на истражувањето смета дека музиката поинаку делува кај различни луѓе и дека теоријата според која брзиот ритам го зголемува, а бавниот го намалува расположението, се зема премногу генерално, што е погрешно. Тој објаснува дека емоциите кои ги предизвикува музиката се резултат на взаемно дејствување на многу фактори, како што се тонот, структурата и други технички карактеристики на одреден дел од песната.

Текстот на песните исто така има значајно влијание, како и разните субјективни фактори, односно каде и кога прв пат сме ја слушнале таа песна, дали нѐ асоцира на некое среќно или тажно случување и слично.

Целта на истражувањето е да се утврди взаемното влијание на сите наведени фактори за да може да се направи математички модел кој ќе може да ја објасни способноста на мелодијата да поттикнува различни емоции.

Исто така, научниците работат на изградба на компјутерски програм кој ќе може да ја идентификува најдобрата музика за одредени пациенти, а во меѓувреме составена е листа на песни кои лекарите би можеле да ги препишуваат како треапија против депресија. Според истражувачите постојат мелодии и музика кои го поправаат расположението, за разлика пак од овие, утврдени се и такви песни за кои е препорачливо да ги избегнувате, особено ако сте во нестабилна психичка состојба.



Значи заклучокот е: песната и музиката се добар лек за душата било да ја слушате или сами да ја изведувате. Одличен лек за пензионери. Без рецепт и без пари е!

**М.Д.**


ПОШТЕНСКА БАНКА АД
За пензионерите,
клиенти на Поштенска Банка
ПОШТЕНСКА БАНКА АД
ПОШТЕНСКА БАНКА
МОЈА БАНКА !
• Флексибилно пензионерско штедење до 4,5%
• Орочено денарско штедење до 9,40%
• Кредити до 500.000 ден. со каматна стапка од 10,9%
• Кредит до 90.000 ден. - без жиранти
• Изнајмување на сеф во просториите на Дирекцијата на банката на ул. 27 Март б.б. (Мал ринг)
• Достапна и брза услуга на шалтерите на Македонска Пошта
• Достава на пензиско известување на домашна адреса
МАКЕДОНСКА ПОШТА
ул. 27 Март б.б. тел: 02 3140 229 и 02 3140258
www.postbank.com.mk




## КИНЕСКИ ИЗУМИ

Можеби денес кинеските производи се синоним за евтино и лесно расипливо, но ниедна од древните култури не го потпомогнала развојот на човечката цивилизација како кинеската.

● **Барут** – веројатно најпознатиот кинески пронајдок. Легендата вели дека барутот бил случајно откриен кога еден кинески алхемичар барал серум за бесмртност. Иронично, она што го открил било нешто што лесно може да одземе човечки живот. Раниот барут бил мешавина од калиј нитрат, јаглен и сулфур, а за прв пат бил опишан во 1044 во „Колекција на најважните воени техники".

● **Компас** – оргиналниот кинески компас бил прилагоден така да покажува кон југ. Причината за тоа е што Кинезите го сметале југ, а не север, за главен правец. Најраните компаси биле изработени во 4 век п.н.е и содржеле мегнетен оксид.

● **Хартија** – глинените плочки, бамбусот, папирусот и каменот се едни од првите површини кои се користеле за пишување. Нештата се промениле кога Кинезот со име Цаи Лун го открил прототипот на модерната хартија. Пред неговиот изум, Кинезите пишувале на тенки површини бамбус и свила, но во 105 година н.е., Лун создал мешавина од древни влакна и вода која ја претворил во ткаенина. Ткаењето овозможило течноста да испари што резултирало со сирова хартија.

● **Количка** – генералот со име Југо Лианг, кој живеел за време на династијата Хан во 2 век, се смета за одговорен за концептот за количка со едно тркало со која се превезува тежок товар. Концептот на Југо сепак имал еден недостаток – немал рачки, до кои се дошло со подоцнежното усовршување. Употребата на количката била првенствено од воена природа, а Кинезите овој пронајдок го држеле во тајност со векови.

● **Тестенина** – изгледа дека Кинезите, а не Италијанците или Арапите, ја измислиле тестенината, и тоа пред повеќе од 2.000 години. Во 2006 археолозите кои вршеле ископувања во 4.000 години старото наоѓалиште во провинцијата Квингхаи, во близина на **Тибет**, откриле чинија со тестенини закопана под земја. Ова би можело да биде и најстарата тестенина на светот, а била направена од два типа зрна просо кое во Кина се одгледува околу 7.000 години.

● **Алкохол** – долго време се сметало дека алкохолната ферментација се создава од други, слични процеси. До почетокот на 3 век, Кинезите откриле како да ги преработуваат производите како оцетот или соја сосот користејќи ги техниките на ферментација и дестилација. Набрзо после тоа следеле и алкохолните пијалоци.

● **Свила** – методот на производството на свила од свилена буба постоел пред 4.700 години. Свитокот кој го содржел описот на свилата, беше пронајден во гробница од Лиангжу периодот кој траел од 3333 до 2200 година п.н.е. Се смета дека свилената буба во Европа ја донел некој трговец во својот бастум.

## КРСТОЗБОР




## Хумор

Бабата гледа внимателно серија. Одеднаш извикува.

– Леле замисли што се случи?

– Знам. Изгоре нашата вечера? Пак ќе јадеме леб и сирење!

* * *

Доаѓа внукот кај баба и дедо на гости. Уште на прагот почнува да им намигнува, да трепка со очите.

– Што ти е внучко? Да не ти влегло нешто во окото?

– Толку ли не разбираш? Дај му некој денар. – На резерва му е бензинот.

* * *

Пред судијата одговара млада жена во својство на сведок за злоупотреба на службена должност на нејзиниот директор. Судијата ја прашува:

– Дали знаете што ве чека ако дадете лажна изјава?

– Па, да! Спомна директорот петсто евра и бунда!

* * *

Се караат маж и жена.

Сите пари ги даваш за пиење! – Му вика жената.

Па и ти трошиш многу. Вчера си дала 100 евра за фустан.

Да, ама јас ги потрошив за да ти бидам убава.

И јас пијам за да ми изгледаш убава!

* * *

Умрел цариник и отишол на оној свет. Го пречекал Господ и му вели:

Добар човек си, ама па и цариник си. Не знам каде да те сместам? Во пеколот ли или во рајот.?

– Ако мене ме прашаш, на граница! Таму ќе ми е најубаво.

* * *

Некој патник со украдена кола дошол на аеродром. Го запира милиција и го прашува:

– Зошто си ја украл колава?

– За да дојдам на аеродром, брзав.

– Па што не си дошол со автобус?

– Па кај да најдам за да го украдам?

* * *

Се среќаваат две пријателки.

– Како се чувствува маж ти по операцијата?

Добар е!

Супер штом нема компликации.

– А, компликации има. Сака да се ожени со една медицинска сестра што го негувала.

* * *

На некоја госпоѓа што крстарела со брод по Нил и паднала торбата од крокодилска кожа во реката. Околу торбата се собрале многу крокодилчиња, а едно извикало?

– Мамо, мамо, дедо се врати!

## Волк сообраќаец




На волкот му понудиле да биде сообраќаец. Кога му објасниле што треба да прави и како да одржува ред на улиците, љубопитниот волк прашал:

– А оние што прават грешки дали смеам да ги казнувам веднаш?

– Се разбира, треба да го извадиш блокчето и ...

– Значи, можам да ги изедам на самото место?

– Не, сообраќаецу. Прекршителите на законот и прописите ти само ги запишуваш и ги пријавуваш, а судијата за прекршоци е тој што казнува.

– Е,– се насмејал незадоволниот волк. Јас да ги ловам , а судијата да ги јаде. Не прифаќам. Судијата за прекршоци нека ви биде сообраќаец.

Скопје: Деветта регионална ревија на песни, музика и игри

# Аманет и пример за идните генерации


Драган Бозаревски


Драги Аргировски





ЗП Солидарност -Аеродром"


ЗП Воени пензионери


ЗП Ѓорче Петров


ЗП Гостивар


ЗП Гостивар



На 18 јуни, во главниот град на Република Македонија, достоинствено беше организирана IX Регионална ревија на песни, музика и игри во **Домот на АРМ - Скопје**, а домаќин на средбата беше Здружението на воените пензионери.

На оваа културно дружење учествуваа 13 здруженија на пензионери и тоа: Гази Ббаба, Кисела Вода, „Солидарност – Аеродром", Карпош, Тафталиџе, Центар, Бутел и Чаир, Воени пензионери, Ѓорче Петров, Шуто Оризари и Сарај од Скопје, како и од Гостивар, Тетово.

Најнапред гостите, присутните и учесниците ги поздрави и им посака добредојде претседателот на здружението домаќин, **Драган Бозаревски**. Тој изрази големо задоволство што организацијата на оваа значајна културна манифестација и е доверена токму на Здружението на воени пензионери. Потоа на присутните им се обрати председателот на СЗПМ **Драги Аргировски** и рече:

– Фолклорот е стожер на нашата народна култура и традиција. Нашите ора и песни, мајсторските изведби на музичарите, често предизвикуваат спонтани аплаузи. Со овие фолклорни ревии СЗПМ настојува да се осознава и зачувува изворното творештво и да се развиваат културните вредности на Македонците, Албанците, Турците, Ромите, Србите, Власите и на други кои живеат во Македонија. На ревиите се откриваат и разните вкусови на фолклорните традиции, на народните песни и игри, на обичаите кои придонесуваат за обновување и за збогатување на фолклорна ризница, но и за дружење, релаксација и активно стареење што е многу битно за третото животно доба. И не само тоа. Суштината на заштитата на оваа културно наследство лежи и во подигањето на свеста кај јавноста за вековно постоење на овој вид култура на овие простори, кај нас. Според тоа грижата за зачувување на старите музички вредности е наш аманет за генерациите кои доаѓаат. Во секој случај, Ревиите се повеќе стануваат празник на душата, мелосот и традицијата што со успех се негува, а културниот набој на пензионерите постојано се збогатува и со нови содржини, со драмски изведби, со поетски митинзи, со ликовни изложби, со домашни ракотворби на колоритни носии, традиционални јадења, со промоции на книги и друго. Тоа придонесува и за зачувување од заборав на нашиот фолклор и на културниот идентитет на сите. Прогресот е очигледен. Додека пред девет години на првата ревија во Пробиштип учествуваа само 9 здруженија на пензионери, годинава се очекува тој број да се зголеми на 40 или за над четири пати повеќе.

По силниот аплауз кој одекна во салата, тој ги прогласи игрите за отворени.

Потоа се заредија песни ора, музика. Сето тоа будеше спомени, ги растреперуваше срцата. Многумина од присутните пееја заедно со изведувачите. Ретко каде, како овде може да се види како пее Македонка, а ја придружуваат со своите инструменти Албанци или оро во кое играат Македонци, Роми, Албанци... Ова е уште еден пример и аманет за помладите од нивните дедовци и баби.

Признанијата на Здруженијата–учесници им ги врачи потпретседателот на Собранието на СЗПМ, **Бесник Поцеста**, а Ревијата успешно ја водеше **Цветанка Илиева**.


ЗП Карпош


ЗП Центар

Ревијата заврши со заедничка желба на сите вакви дружења и манифестации да има што повеќе и што почесто.

На крајот треба да напоменам дека годинашниве ревии и оваа и во останатите региони се дел од одбележувањето и во чест на 65 годишнината на пензионерското организирање во Македонија.

**К.С.А.**
**Фото: Горјан Андреески**


ЗП Кисела Вода


ЗП Сарај


ЗП Тетово


ЗП Тафталиџе


ЗП Чаир и Бутел



ЗП Шуто Оризари

